делумно на градежна парцела на корисникот, корисникот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

### VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси,
- средствата акумулирани од поранешни вложувања и
- други стредства,

кои се уплатуваат на сметка на Градот Скопје и општина Карпош за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште се распоредуваат 60% на Градот Скопје и 40% на Општина Карпош за инфраструктура за една градежна парцела.

Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Карпош да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава VI, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општина Карпош без надомест.

- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и Општина Карпош, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општина Карпош, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општина Карпош.

- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општина Карпош договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.
- Градот и Општина Карпош со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.
- При регулирање на надоместок корисникот е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградена инфраструктура после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку не докаже со документација дека истиот го регулирал).
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа да се регулираат договорно помеѓу Ј.П."Водовод и канализација" и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П."Водовод и канализација. Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П."Водовод и канализација".
- Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши по исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и Општина Карпош.
- Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без согласност на Градот Скопје и Општина Карпош, Градот и Општина Карпош нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општина Карпош и корисникот.
- Корисникот е должен да овозможи Комисија од Градот и Општина Карпош да ја утврди дефинитивно изградената површина согласно договорот за надоместокот за уредување на градежното земјиште. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општина Карпош ја финансира изработката на урбанистички планови и задачите планирани со Програмата за изработка на ДУП-овите, Програмата за јавно осветлување и Програмата за изградба, реконструкција и одржување на сервисни и станбени улици во населени места, кои се рализираат со посебни Програми.

Општина Карпош целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктура 40%, а Град Скопје со 60% за інфраструктура , согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со корисниците.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместок се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на корисникот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка комунална и индивидуална потрошувачка.

Комплексите се утврдени, согласно член 7 и 8 од Законот за Град Скопје (Службен весник на РМ бр. 55/04), со следните граници:

### КОМПЛЕКС-1

### ДЕЛ-1 (Општина Карпош)

Описот започнува од бул."Партизански одреди"(231) и мостот на "Обединетите Нации" на река Вардар, оди на север по течението на река Вардар се до вливот на река Лепенец каде се наоѓа прекршна точка 19 гр. на КП 13637 (р.Вардар) - КО Ѓорче Петров, ДЛ 7Н11-45-4. Градежната линија од прекршната точка 19 гранична, продолжува во правец на југоисток по северната граница на КП 7060 (р.Вардар) КО Карпош, ДЛ 7Н11-45-5, ДЛ 7Н11-45-8, ДЛ 7Н11-45-9, ДЛ 7Н11-45-6, ДЛ 7Н11-46-4 односно по левиот брег на регулационото корито на р. Вардар се до мостот на бул."8-ми Септември" (764) односно тромеѓето на КП 349, КП 7060 и КП 7085 КО Карпош, ДЛ 7Н11-46-4 (прекршна точка 20 гр.). Продолжува во правец на (север по бул."8-ми Септември (764), ја поминува крстосницата со ул."Скупи" (1461), оди на север по границите на месноста "Момин поток", до "Јадранска магистрала" (1507), свртува на југ по "Јадранска магистрала" (1507) до крстосница со бул. "Никола Карев" (1450), продолжува по бул. "Никола Карев" (1450) до границата со Општина Центар и ја прати административната граница на Општина Центар, продолжува на југ до р. Вардар и оди по р. Вардар до пешачкиот мост, од пешачкиот мост свртува на југ и по пешачкиот мост и по улицата помеѓу стадионот на АРМ и Детскиот забавен парк, по улиците граница на Детскиот забавен парк до пешачката улица помеѓу Золошката градина и првиот дел на Градски парк, по пешачката улица до крстосница со бул."Илинден" (336), врти на запад по бул."Илинден" (336) до крстосница со ул."Рузвелтова" (557), свртува на југ по ул."Рузвелтова" (557), ги сече бул"Партизански одреди", ул."Иво Лола Рибар" ("Митрополит Теодосија Гологанов" 332) до крстосница со ул."Васил Ѓорѓов" (275), продолжува по новопроектиран дел од ул."Рузвелтова" (557) до крстосница со ул. "Загребска" (550) и ул."Козле" (980), оди по ул."Козле" (980) и ул."Загребска" (550). Од ул."Загребска"(550) излегува на северните падини на Долно Водно се до прекршочна точка 164 гр. ДЛ 7Н10-6-4 КО Центар 2. Границата на градежниот реон свртува во правец на запад и оди по јужната граница на КП 265 и КП 261 ДЛ бр.3 КО Долно Водно Р=1:2500, продолжува на запад по јужната граница на КП 248 до тромеѓата помеѓу КП 248, КП 242 и КП 249, ДЛ: бр.4 КО Долно Водно Р=1:2500, односно прекршна точка 165 гр.

Од тука свртува во правец на северозапад ја сече КП 242, КП 912 (поток), и КП 646 до тромеѓата помеѓу КП 641, КП 649 и КП 646, односно прекршна точка 166 гр. Свртува во правец на југозапад ја сече КП 649, КП 641, КП 913 (поток "Грло") до тромеѓата помеѓу КП 611, КП 72 и КП 913 (поток "Грло") свртува во правец на запад ја сече КП 611, се до тромеѓата помеѓу КП 612, КП 610/2 и КП 611 или прекршна точка 167 гр. Границата свртува во правец на југозапад и оди по југоисточните граници на КП 610/2, КП 609 до четворомеѓата помеѓу КП 612, КП 614, КП 615 и КП 609. Од тука свртува во правец на северозапад и оди по јужните граници на КП 609, КП 608, КП 607, КП 605, КП 603 и КП 601 до тромеѓата помеѓу КП 601, КП 621 и КП 928 ("Варнички поток"), односно прекршна точка 168 гр. КО Долно Водно ДЛ бр.4. Од тука границата свртува во правец на југозапад ја сече КП 3403 ("Варнички поток") се до тромеѓата пимеѓу КП 2099, КП 2096 и КП 3403 (Варнички поток) ДЛ бр.5 КО Нерези, Р=1:2500, односно прекршна точка 169 гр. Од тука свртува во правец на запад и оди по јужните граници на КП 2096, КП 2097, КП 2091 ја сече КП 2089 до тромеѓата помеѓу КП 2089,

КП 2121 и КП 2057. Од тука свртува во правец на југозапад и оди по југоисточната граница на КП 2057 до тромеѓата помеѓу КП 2057, КП 2125 и КП 2056, односно прекршна точка 170 гр.

Границата свртува во правец на запад и оди по јужните граници на КП 2057, КП 2065, КП 2064, ја сече КП 2053, продолжува по јужната граница на КП 2068, КП 2071, КП 2046, ја сече КП 3389 (пат) продолжува по јужната граница на КП 2045 и КП 2043 до тромеѓата помеѓу КП 2042, КП 2043 и КП 3386 (поток "Бавчиште") свртува во правец на северозапад ја сече КП 3386 и оди по западната граница на потокот "Бавчиште" (КП 3386) до тромеѓата помеѓу КП 811, КП 3386 и КП 1993 (јаз), односно прекршна точка 171 гр. Од тука свртува во правец на запад и оди по јужната граница на КП 811, ја сече КП 812, до тромеѓата помеѓу КП 826, КП 813 и КП 812, продолжува по јужните граници на КП 826, КП 825, КП 824 ја сече КП 3387 (пат) и продолжува по јужните граници на КП 892, КП 893, КП 899, КП 900, КП 901, КП 902, КП 903 до тромеѓата помеѓу КП 903, КП 1228 и КП 1971. Од тука свртува во правец на север и оди по западните граници на КП 903 и КП 904 до четворомеѓата помеѓу КП 906, КП 904, КП 1228 и КП 1227, прекршна точка 172 гр. ДЛ бр.5 КО Нерези, Р=1:2500.

Од тука свртува во правец на северозапад и оди по југозападната граница на КП 1227, ја сече КП 3390 (пат) и продолжува во истиот правец по јужната граница на КП 1226 до тромеѓата помеѓу КП 1226, КП 1225, КП 1224. Од тука свртува во правец на југозапад ја сече КП 1224 до тромеѓата помеѓу КП 1224, КП 1222 и КП 3388 (пат) и во истиот правец ја сече КП 3388 (пат) до тромеѓа помеѓу КП 924, КП 928 и КП 3388 (пат), односно прекршна точка 173 гр. ДЛ бр.4 КО Нерези. Од тука свртува во правец на север и оди по западната граница на КП 924, КП 921, КП 963, КП 964, КП 966, КП 945, КП 944, КП 943 ја сече КП 3384 ("Шишево-пат-Скопје") до тромеѓата помеѓу КП 1104, КП 1105 и КП 3384 (пат) или прекршна точка 174 гр. продолжува во правец на север и оди по западните граници на КП 1104, КП 1102, КП 1100, КП 1099, до прекршна точка 175 гр. тромеѓа помеѓу КП 1099, КП 1098 и КП 3399 (Река Вардар) ДЛ бр.3 КО Нерези Р=1:2500, од р.Вардар - продолжува на север по течението на р. Вардар се до мостот на "Обединетите Нации" на бул. "Партизански одреди" (231), **каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Карпош.**

**КОМПЛЕКС-2**

**ДЕЛ-2- (Општина Карпош)**

Описот започнува од бул."Партизански одреди"(231) и мостот на "Обединетите Нации" на река Вардар, оди на југ спротивно на течението на река Вардар се до ул."Адолф Циборовски" (1249) кај мостот на р. Вардар во нас. "Хром", ја прати административната граница со Општина Ѓорче Петров свртувајќи на запад по ул."Адолф Циборовски" (1249) до крстосницата со ул."Ѓорче Петров" (1257) и по ул."Ѓорче Петров"(1257) оди на исток до раскрсница со ул."Аца Шопов"(1462) и бул."Партизански одреди"(231) и по ул."Аца Шопов"(1462) оди на север се до р. Лепенец, продолжува на север спротивно од течението на р. Лепенец до новопредвидениот мост од ул."Словеначка" (1457), односно до пресекот со железниот мост до југоисточна страна на мостот прекршна точка 14 гр.

Од тука градежната линија свртува во правец на североисток и оди по југоисточната ограда на мостот и доаѓа до тромеѓата помеѓу КО Бардовци КО Злокуќани и КО Ѓорче Петров односно до прекршна точка број 15 гр. Оттука границата продолжува во правец на исток и оди по јужната граница на КП 2231 (експропријационата линија на пругата Кичево-Скопје) пратејќи ја линијата помеѓу новопредвидена ул."Словеначка" (1457) ДЛ 7Н11-35-16, 7Н11-35-17, 7Н11-35-14 и 7Н11-35-15, се до прекршна точка 16 гр. што претставува тромеѓа помеѓу КП 56 од КО

Злокуќани КП 1966 КО Бардовци и јужната граница од пругата. Оттука границата на градежниот реон продолжува во правец на исток по јужната експропријациона граница на пругата Кичево-Скопје ДЛ 7Н11-35-15 од КО Злокуќани и во истиот правец на исток оди до надвозникот на патот Скопје-Качаник "Јадранска Магистрала" (1507) што претставува тромеѓа меѓу катастарските општини КО Визбегово, КО Чаир и КО Злокуќани односно меѓна белега бр.17, ДЛ 7Н11-36-13 КО Чаир, свртува на југ по "Јадранска Магистрала" (1507) до новопроектирана улица на потегот од "Јадранска Магистрала" (1507) до бул."2-ра Македонска Бригада" (1467), свртува на запад по новопроектирана улица на потегот од "Јадранска Магистрала" (1507) до бул."2-ра Македонска Бригада" (1467) до крстосницата со бул."Македонско Косовска Бригада" (1453), свртува на југ и ја прати источната ограда на касарната "Илинден" се до ул."376", продолжува по јужната ограда на касарната "Илинден" до бул."Никола Карев"(1450) тромеѓето помеѓу Општина Карпош, Општина Чаир и Општина Центар, кај влезот на касарната "Илинден", по бул."Никола Карев"(1450) и "Јужна Магистрала" (1507) на север до месноста "Момин поток" скршнува на запад по северната и на југ по западната граница на месноста "Момин поток" се до крстосницата со бул."8-ми Септември (764) и по бул."8-ми Септември (764) до мостот на р. Вардар од северната страна на коритото, скршнува на запад спротивно на течението по р. Вардар, го минува вливот на река Лепенец каде се наоѓа прекршна точка 19 гр. на КП 13637 (р.Вардар) - КО Ѓорче Петров, ДЛ 7Н11-45-4 се до бул."Партизански одреди"(231) и мостот на "Обединетите Нации" на река Вардар, **каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Карпош.**

Границите на комплексите одат по оската на улицата со кои се одредува комплексот.

Графичкиот приказ е составен дел на оваа Програма.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот и другите средства

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Карпош, Секторот за уредување на градежно земјиште комунални работи и заштита на животната средина и природата, Секторот за урбанизам на Општина Карпош и Градот Скопје.
2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 01.01.2012 година.

07-9497/1
22.12.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

(″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за изградба,редовно инвестиционо и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2012 година.

1.Се објавува Програмата за изградба, редовно инвестиционо и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/2**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02/ член 5, член 6, став 1, и член 55 став 1 точка 5 од Законот за јавните патишта /„Службен весник на РМ“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11) Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестседница одржана 22 декември 2011 година донесе

## П Р О Г Р А М А

за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2012 година

**Член 1**

Со оваа Програма се предвидуваат работи за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните и станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, финансиски средства и динамика на нивното извршување.

**Член 2**

Одобрените средства од Агенцијата за државни патишта во висина од 5.761.902,00 денари се распоредуваат на следните начини:

а/ за изградба на сервисни и станбени улици и локалните патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од одобрените средства кои изнесуваат 2.880.951,00 денари

б/ за редовно и инвестиционо одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од одобрените средства кои изнесуваат 1.728.571,00 денари, и

в/ за зимско одржување се предвидуваат средства во висина од 20% од одобрените средства кои изнесуваат 1.152.380,00 денари.

**Член 3**

Во овој период ќе се извршуваат следните работи:

- изградба на нови улици и локални патишта;
- реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;
- одржување на улиците и локалнте патишта во зимски услови, и
- надзор над извршените работи

**Член 4**

Во овој период работите за изградбата, инвестиционото и редовното одржување на подрачјето на Општината Карпош ќе бидат утврдени од Градоначалникот на Општината Карпош заедно со Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита и унапредување на животната средина на Општината Карпош.

**Член 5**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од приливот на средствата

За реализација на Програмата ќе се грижи Градоначалникот на Општината Карпош и Секторот за уредување на градежно земјиште і комунални работи на Општината Карпош.

**Член 6**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош„ а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

07-9497/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за детални урбанистички планови за 2012 година

1.Се објавува Програмата за детални урбанистички планови за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.12.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1,точка 1 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седница одржана на 22 декември 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за детални урбанистички планови за 2012 година**

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИПЛАН ЗА ИЗМЕНА НА ДЕЛ ОД ПОТЕГОТ ПОМЕЃУ ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ ДЕЛ А и Б

1.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНА НА ДЕЛ ОД ПОТЕГОТ ПОМЕЃУ ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ ДЕЛ А и Б

1.2 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ ДЕЛ В и Г (нацрт и предлог)

2. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Горно Нерези

2.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Горно Нерези

3. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД Долно Нерези

4. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА УРБАН БЛОК КАРПОШ 3 ТРГОВСКО СПОРТСКИ ЦЕНТАР - дел Б

5. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Карпош 3 “ Трговско Спортски центар” дел од УБ 1 и УБ 3

6 ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА КАРПОШ 3 „ЛОКАЛИТЕТ 1”

7. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ- ДУП ЗА ЛОКАЛИТЕТ КАРПОШ 4, ДЕЛОТ ОД УЛ. ИЛИНДЕНСКА ДО РЕКА ВАРДАР /Младински спортски центар /

7.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ЛОКАЛИТЕТ КАРПОШ 4, ДЕЛОТ ОД УЛ. ИЛИНДЕНСКА ДО РЕКА ВАРДАР /Младински спортски центар /

8. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД КАРПОШ 4 - ДЕЛ А

9. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Карпош 4, УМ 1

9.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Карпош 4, УМ1

10. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА дел од Карпош 1, У.М 3,4,5,6 и 7

10.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА дел од Карпош 1, У.М 3,4,5,6 и 7

11. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ -ДЕЛ В

11.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ - ДЕЛ В

12. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ -ДЕЛ Г

12.1 ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ - ДЕЛ Г

*13* ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ УЗ КУЗМАН Ј. ПИТУ - ДЕЛ А

*13.1* ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ УЗ КУЗМАН Ј. ПИТУ ДЕЛ А

*14.* ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ УЗ КУЗМАН Ј. ПИТУ ДЕЛ В

*14.1* ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. КОЗЛЕ УЗ КУЗМАН Ј. ПИТУ ДЕЛ В

15. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА локалитет над населба Козле

15.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА локалитет над населба Козле

16. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од локалитетот Козле, М.З Кузман Јосифовски Питу ,блок 34 и 35

16.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од локалитетот Козле, М.З Кузман Јосифовски Питу ,блок 34 и 35

17. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА П.Б.Кочо -Б

17.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА П.Б.Кочо -Б

18. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА ВОДОВОД И МАВРОВО / нас. Влае 1 /

18.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА ВОДОВОД И МАВРОВО / нас. Влае 1 /

19. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА ТАФТАЛИЦЕ 2

19.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА ТАФТАЛИЦЕ 2

20. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА дел од М.З Тафталице 1 “Георги Димитров”, КП 2773

21. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 9.6 Тафталице 2 северен дел 1, ОУ „Братство”

22. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАС. ТАФТАЛИЏЕ 1 СЕВЕР И ЈУГ

23. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ ДЕЛ А

24. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ ДЕЛ Б

24.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД МЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ ДЕЛ Б

25. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Владо Тасевски дел Е

25.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Владо Тасевски дел Е

26. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Владо Тасевски дел Г

27. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЗЛОКУЌАНИ / НАСЕЛБА /

27.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЗЛОКУЌАНИ /НАСЕЛБА /

28. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВЛАЕ 1 - ДЕЛ Б /локалитет 1/

29. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВЛАЕ 1 - ДЕЛ Б /локалитет 2/

30. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Влае 1, дел Б (дел)

31. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за Влае 1, УМ 5.2

31. 1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Влае 1, УМ 5.2

32. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА населба Влае 2 дел 2

32.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА населба Влае 2 дел 2

33. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА населба Влае 2 дел 3

33.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА населба Влае 2 дел 3

34. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЦЕНТРАЛЕН ГРАДСКИ ПАРК Блок 1 ОПШТИНА КАРПОШ

35. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС /дел 1/

36. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ ПРОШИРУВАЊЕ

36.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ ПРОШИРУВАЊЕ

37. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за Нов Универзитетски Клинички центар

37.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за нов Универзитетски клинички центар

38. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА дел од локалитет Момин Поток

39. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Зајчев Рид блок А и Б

39.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Зајчев Рид блок А и Б

40. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Зајчев Рид блок В и Г

40.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Зајчев Рид блок В и Г

41. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Расадник-Злокуќани

41.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Расадник-Злокуќани

42. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА ТРНОДОЛ /дел /

42.1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА ТРНОДОЛ /дел /

43. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ел од УЗ Злокуќани - ХУБО

43.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА дел од УЗ Злокуќани - ХУБО

44. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛИТЕТ позади Александар Палас

44.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛИТЕТ позади Александар Палас

45. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛИТЕТ за дел од Криви Дол

45.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛИТЕТ за дел од Криви Дол

46. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Карпош 2- резиденцијални објекти

46.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Карпош 2- резиденцијални објекти

47. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Тафталице 30, локалитет „Алумина”

47.1 ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА Тафталице 30, локалитет „Алумина”

48. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА на иницијатива на заинтересирани лица

49. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ Нацрт и Предлог ДУП на иницијатива на заинтересирани лица согласно член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање

**II Финансирање:**

Потребните средства за финансирање на Програмата во износ од 4.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

**III ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Крпош“ , а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

07-9497/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2012 година

1.Се објавуваат Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/4**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 ), Советот на Општина Карпош на на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош од областа на локален економски развој

## Мисија

Вработените во Секторот за развој ќе создадат и поддржат партиципативна атмосфера со вклучување на граѓаните, бизнис и

НВО секторите, како и останатите засегнати страни, во своето делување.

Секторот за развој ќе биде креативен во процесот на креирање политика, како и точен и прецизен во спроведувањето и евалуирањето на јавните политики.

**Генерални цели**

- Карпош – конкурентна општина со одржлив економски развој и погодна атмосфера за водење бизнис,
- Обезбедена основна инфраструктура, вклучувајќи и терени за спорт и рекреација, и
- Овозможување граѓаните да уживаат во културата и уметноста, како и искористување на потенцијалите за урбан туризam.

### 1. "Запознај го Карпош"

**<u>Краток опис</u>**

Главна цел на проектот е да се запознаат граѓаните на Општина Карпош со историските знаменитости кои постојат на територија на општината, како и да се едуцираат како да ги негуваар и надградуваат културно историските знаменитости во Општина Карпош. Од големо значење е да се вклучат и учениците од основните училишта, како би можеле уште од најрана возраст децата да се запознаат со културата и туризмот во општината.
Оваа активност би можело да се организира два пати во текот на годината. Еднаш на пролет (април или мај) и еднаш во ноември по повод годишнината на Општина Карпош. Активностите на целиот проект би се движеле по следниот редослед:

- Утврдување на атрактивни локалитети кои граѓаните на Општина Карпош многу малку ги познаваат и не ги виделе, иако се наоѓаат на нивна територија
- Ангажирање на автобуси и минибуси за превоз на граѓаните и ученици (би се утврдиле три точки на поаѓање и автобусите би се движеле на секои 2 часа, 5 пати во денот)
- Ангажирање на туристички водич (3 лица)
- Освежување за граѓаните (сок, вода, кафе)

Резултат(и)

Граѓаните на Општина Карпош ќе се запознаат со историските и културните знаменитости кои ги имаат на својата територија и со тоа ќе знаат колку е вреден Карпош.

Буџет: 400.000 денари

**2. “Евидентирање на сместувачките капацитети на територија на Општина Карпош, како еден од факторите за развој на промоција на туризмот”**

Краток опис

Овој проект претставува стратегија како да се промовира општината, а воедно и туризмот на територија на Општина Карпош кој реално има капацитети за негов развој. Со проект се планира да се воспостави соработка со сопственици на хотели, мотели и останати преноќувалишта кои се на територија на Општина Карпош. Би се формирала работна група од Секторот за развој, која ќе ги посети сопствениците на преноќувалиштата и би им се презентирана идејата. Откако ќе се пријават сите заинтересирани сопственици на туристички капацитети за реклама на својот објект следниот чекор е изработка на бесплатен туристички информатор во кои ќе бидат опфатени сите туристичките капацитети, туристичките локалитети по кои е препознатлива Општина Карпош, како и мапа на општината и разгледници за секој туристички локалитет. Овие информатори/брошури, би биле поставени во секој сместувачки капацитет, како би можеле сите туристи поедноставно да дојдат до потребните информации и на тој начин полесно да го запознаат Карпош и се она што Карпош го поседува. Со тоа туристите би добиле Водич низ Општината (како за туристички локалитети така и за останатите интересни места со кои располага Општина Карпош пр. трговски центри, спортски центри, културни случувања и сл.), кој би им го олеснат престојот во Македонија т.е. Општина Карпош.

Резултат(и)

Преку реализација на проектот би се очекувало домашните и странските туристи полесно да дојдат до информација за сместувачките капацитети со кои располага Општина Карпош. Со тоа би се зголемила посетеност на смесувачките капацитети и туристичките локалитети. Зголемениот број на туристи пак би

значело зголемени приходи за сопствениците на сместувачките капацитети и општо пораст на економскиот развој во Општина Карпош .

Буџет: 150.000,00 денари

3. “Денови на занаетчиите”

Краток опис

Станува збор за организирање на манифестација која е наменета исклучиво за занаетчиите, со цел да се промовира занаетчиството и старите занаети во Општина Карпош. За таа цел би се одредила улица (уличка на занаетчиите), каде една недела би се поставиле штандови и без надомест би се дале на занаетчиите (пред се од територија на Општина Карпош), да творат на лице место и изработуваат стари ракотворби. Со тоа би се остварила поголема соработка со занаетчиите и професионалните здруженија во општината и надвор од неа, но исто така може и да се поттикнат и граѓаните да почнат својата креативност да ја преточат во свое дело.

Резултат(и)

- Афирмирање и поттикнување на старите занаети на територија на Општина Карпош.
- Запознавање на граѓаните со старите занаети
- Поттикнување кон отварање на нови занаети - трговци

Буџет: 200.000 денари

4. “Отварање на њеб страна за туризмот”

Краток опис

Како резултат на мапирање на туристичките локалитети, изработка на брошура, мапа и разгледници, може да се каже дека Општина Карпош има одлична туристичка понуда, која мора да се претстави преку изработка на њеб страна и постојано да се ажурира. Преку изработка на њеб страна за туризмот граѓаните на Општина Карпош, Градот Скопје и сите други заинтересирани страни, а посебни од странство, ќе може да се информираат за историските локалитети кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош, ќе може да добијат информација за хотелите, мотелите и апартманите за преноќување, да ангажираат туристички водич за посета на локалитетите, да видат мапа на општината, брошура за туристички локалитети, а исто така ќе може да ги видат и сите угостителски објекти каде би можеле да го поминат своето слободно време при посета на Општина Карпош. Исто така, на њеб страна ќе може да се стават податоци и за други содржини за кои се заинтересирани најчесто странците, како спортски сали, такси станици, автобуски линии и возен ред и слични други корисни податоци.

Резултат(и)

- Добро запознавање на граѓаните со туристичките локалитети, преноќувалиштата и угостителските објекти на Општина Карпош.
- На секој граѓанин и странец ќе му се олесни престојот во Македонија и Општина Карпош
- Привлекување на туристите за посета на Општина Карпош
- Афирмација на општината

Буџет: 100.000 денари

5. “Ем умеам, ем можам”

Краток опис

Општината Карпош почнувајќи од есента 2005 година, за прв пат се вклучи во организацијата на оваа манифестација. “Ем умеам, ем можам” досега шест пати успешно е организирана во Општина Карпош. Манифестацијата традиционално се одржува во ТЦ “Лептокарија” (Карпош 3) и на неа редовно присуствуваат голем број посетители. На манифестацијата голем број на фирми имаат можност да вршат промотивни активности и да вршат продажба на своите производи по промотивни цени. Манифестацијата е збогатена и со пригодна забавна програма.

Оваа година е јубилејна, десетта по ред манифестација, така што Секторот за развој на Општина Карпош, планира и да оди чекор понапред и да вложи многу повеќе во организација на манифестацијата, да ангажира поатрактивни естрадни уметници, познати претпријатија и уште многу други новитети.

Резултат(и)

Конкретна поддршка, афирмација и стимулација за развој на малите и средни претпријатија и останатите бизнис чинители од страна на локалната самоуправа во општината

Буџет: 1.000.000,00 денари

6. “Формирање на база на податоци на НВО”

Краток опис

Веќе подолго време се чувствува потреба од формирање на база на податоци за сите невладини организации кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош, како и оние кои соработуваат со општината. За таа цел ќе се формира тим кои ќе пристапи кон нејзина изработка. Од целокупната евиденција која постои на нивно на држава, ќе се ажурираат сите НВО кои се на наша територија, како и оние со кои имаме одлична соработка и ќе се внесат во посебна база за невладини организации. Преку базата ќе може во секое време да се види која НВО кој домен опфаќа и при евентуална појава на некој проект ќе може веднаш да се стапи во контакт со НВО и да се изработи проект.

Исто така, при организирање на манифестации, активности и други обврски, многу лесно ќе може да се дојде во контакт со НВО и навремено би се извршувале сите работи.

Резултат(и)

- Поставување на база за долгорочна соработка, подобрување на животот во општината и поефикасна реализација на проектите кои се од заеднички интерес,
- Вклучување на граѓаните во иницирањето на мали развојни проекти, т.е. максимално искористување на потенцијалот на млади, образовани и невработени граѓани,
- Едукација на населението, односно едукација и развивање на свеста кај граѓаните во општината од различни сфери на општественото живеење.

Буџет: 50.000,00 денари

**7. “Учество на меѓународен саем на општини”**

Краток опис

Минатогодишното искуство кое го имаше Општина Карпош на саемот на општини НАЛАС во Сараево, се виде како добра можност за претставување и афирмирање на општината надвор од границите на Република Македонија. Затоа како дел од планираните активности е претставување на Општина Карпош на уште еден саем на општини. На овој начин ќе се има можност преку добро подготвен материјал (брошури, флаери, книга и сл.) во најдобро светло да се претстави општината и сите активностите кои се одвиваат во рамките на секторите. Преку добрата организација, рекламниот материјал и медиумите, ќе може повеќе да се слушне за општината, а воедно и да ја запознаат и луѓето надвор од границите на Македонија.

Резултат(и)

- Претставени активностите и работењето на сите сектори во општината
- Афирмирање на Општина Карпош надвор од границите на државата

Буџет: 1.000.000,00 денари

**8. “Меѓугранична соработка со косовска општина за искористување на ИПА фондовите од Европската унија”**

Краток опис

Како можност да се искористат претпристапните фондови и да се спроведат проекти кои се финансирани од Европската унија, а се однесуваат на подобрување на инфраструктурата, социјалната заштита и туризмот со Косово, неопходно е збратимување или соработка со некоја општина од Косово. За таа цел, општината мора да воспостави контакти со неколку општини (или една конкретна), каде ќе се дискутира за сличноста на општините и можните полиња на соработка. Како пример може да се земе и Гнилаље, општина со која веќе имаме остварено

контакти и соработка на поле на размена на искуства во делот на воведување на ИСО стандарди.

Резултат(и)

- Остварени контакти со косоврски општини, како можност за понатамошна соработка
- Реализирани активности/проекти
- Искористени европски фондови

Буџет: 200.000,00 денари

9. “Сам свој газда”

Краток опис

Главната цел на проектот е да помогне во намалувањето на невработеноста во Општина Капрош. Како посебна цел се издвојува стимулирањето на активните мерки за самовработување преку промоција и поттикнување на населението за започнување на сопствен бизнис (мали и семејни бизниси).

Клучната активност со која ќе се реализираат целите на проектот е обуката за претприемништво, бизнис планирање и менаџмент. Учесниците на обуката ќе се стекнат со основни вештини за генерирање, разработка, опис и успешно спроведување на својата бизнис идеа, со која сакаат да се самовработат.

Обуката ќе биде наменета за сите невработени лица од Општина Карпош, кои имаат намера да започнат сопствен бизнис и припаѓаат во една од следниве категории:

- **Млади невработени лица до 29 години** со завршено средно, вишо или високо образование
- **Невработени лица** со завршено средно, вишо или високо образование, кои се регистрирани како невработени **подолго од 2 години** и

**Апсолвенти од сите струки**, кои се во завршна година на своето студирање

Резултат(и)

Учесниците во обуката ќе се стекнат со основни знаења и вештини за:

- Генерирање, разработка и опис на бизнис идеа
- Подготовка на детален бизнис план и негово комуницирање со потенцијалните инвеститори

Успешно спроведување на бизнис планот преку изучување на посебни модули за најважните работи за водење на бизнис, како што се: претприемништво, менаџмент, маркетинг, финансии, човечки ресурси и др.

Буџет: 310.000,00 денари

Цената за 4 дводневни работилници во кои ќе се обучат вкупно 80 лица изнесува 310 000 денари.

Проектот е под иницијатива на Висион цонсултинг и се планира истите да го имплементира.

## 10. Бизнис центар во рамките на Општина Карпош

**Краток опис**

Главна цел на проектот е да воспостави функционален и модерен бизнис центар кој ќе функционира во рамките на Општината Карпош, а ќе биде насочен кон приватниот сектор, и тоа:

- **Малите и средни претпријатија** - преку давање на погодни услуги,
- **Младите претприемачи** - преку бизнис инкубатор за реализирање на нивните идеи,
- **Големите претпријатија** - преку центар за истражување на пазарот.

Покрај овие три клучни елементи Бизнис центарот со целиот свој капацитет ќе и се стави на располагање на општината во дефинирање и имплементирање на економските и развојните политики.

Функционален и модерен Бизнис центар во рамките на проектот значи (цели):

1. Развиени и понудени услуги кон своите клиенти,
2. Воспоставен бизнис инкубатор,
3. Воспоставен Оперативен центар за истражување на пазарот,
4. Развиена комуникациска стратегија,
5. Изградени општински капацитети.

Проектот ќе се реализира во временска рамка од две години. Во првата година ке се развијат услугите на центарот и комуникациската стратегија, додека во втората година ќе се воспостават бизнис инкубаторот и центарот за истражување на пазарот. Општинските капацитети ќе се градат непрекинато за целиот две годишен период.

**Резултат(и)**

Подобрување на бизнис климата во општината преку отварање на нови бизниси и проширување и развивање на постоечките преку зацврстување на соработката помеѓу локалната самоуправа и бизнис секторот и негово префрлање на едно ново, повисоко квалитативно ниво.

**Буџет: 300.000,00 денари**

## 11. Интернационална Тортијада 2012

**Краток опис**

Манифестацијата претставува натпревар и презентација на учесниците во правење и декорација на торти и можност на граѓаните да уживаат во креациите на аматерите и професионалциите од оваа дејност.

Истовремено преку лицитација на тортите им се нуди на граѓаните да ја покажат својата хуманост, а собраните средства ќе бидат наменети за ДСУ “Свети Наум Охридски”- Скопје.

Учесниците ќе се натпреваруваат во две категории, и тоа:

- **Аматерска** – ќе учествуваат граѓани и граѓанки кои не се занимаваат професионално со изработка на торти
- **Професионална** – ќе земат учество слаткарници или ресторани кои се регистрирани за вршење на таа дејност.

Резултат(и)

- Учество на слаткарници и ресторани
- Посета на општината од страна на странски учесници и нивно учество на тортијадата
- Успешно претставување на општината

Буџет: 300.000,00 денари

12. Крводарителска акција

Краток опис

Општина Карпош е препознатлива по дарување на најголем број крвни единици од сите други општини во Македонија. Ова стана традиција и секоја година по два пати општината организира акција од ваков тип. Акцијата ќе се организира во самата општина, на која се покануваат сите граѓни од цела територија на Република Македонија да земат учество.

Резултат(и)

- Обезбедени над 400 единици крв,
- Вклучување во хуманитарна акција и дарување крв за спасување на живот,

Буџет: 250.000,00 денари

13. Обука за вработување и самовработување

Краток опис

Во рамките на овој проект со обука ќе бидат опфатени 90 млади луѓе преку три последователни обуки, од кои секоја ќе трае 3 месеци и ќе вклучува пракса во соодветна институција/организација која работи на територијата на Општина Карпош.

Обуката ќе вклучува 3 основни елементи:

- Модуларни предавања, согласно методологијата на неформално образование,
- Индивидуални средби за поддршка за секој учесник (во рамки на кои секој учесник ќе развие и Личен план за професионален развој),
- Практична работа.

Резултат(и)

Стекнување со соодветни вештини со кои ќе се зголеми конкурентноста на пазарот на трудот и ќе се креираат услови за самовработување и започнување на сопствен бизнис.

**<u>Буџет:</u> <u>130.000,00 денари</u>**
Проектот е предлог од Висион цонсалтинг и ќе се спроведува од негова страна

**14. Школа за подобрување на работни вештини**

**<u>Краток опис</u>**
Серија на 7 обуки кои ќе придонесат група од 40 млади луѓе од Општина Карпош да ги подобрат своите индивидуални вештини за полесно да најдат работа.

1. Комуникациски вештини
2. Лидерство, мотивација и тимска работа
3. Управување со проектен циклус
4. Претприемништво и бизнис план
5. Менаџирање на настани
6. Европски фондови
7. Финансиска писменост

**<u>Буџет:</u> <u>130.000,00 денари</u>**
Проектот е предложен од страна на Македонски образовен форум и ќе се спроведува од негова страна.

**15. Организирање на манифестација “Вешта рака”**

**<u>Краток опис</u>**
Во рамките на празнувањето на Деновите на Општина Карпош, како дел од активностите на Секторот за развој е и манифестацијата Вешта рака.
Учество ќе земат над 30 изработувачи на уникатни рачни творби и 5 цвеќари и оранжерии на цвеќе кои подготвуваа и цветни аранжмани за времетраењето на манифеставијата.
Активноста се од изложбен, продажен и натпреварувачки карактер.
За најуспешните се планира да се доделат парични награди за уникатно рачно изработени декоративни аранжмани и тоа:
I награда 5000.00 денари
II награда 3000,00 денари
III награда 2000,00 денари
За уникатни цветни аранжмани:
I награда 5000.00 денари
II награда 3000,00 денари
III награда 2000,00 денари
На сите учесници се планира да им се поделат и Благодарници од општината.

Исто така, на манифестацијата ќе бидат обезбедени сендвичи, сокови и кафе за сите учесници за што се планира да се потрошат 10.000 денари. Останатите средства се планираат за покривање на забавниот дел на програмата.

**Очекуван(и) резултат(и)**

Постигнување на поголема блискост и дружба помеѓу граѓаните на Карпош, како и поттикнување на чувството на припадност на граѓаните кон својата општина. Преку овие манифестации се постигнува и мотивација на изработувачите на ракотворбите да се пријавуваат и учествуваат на вакви манифестации, како би ги промовирале сопствените вештини.

**Буџет: 100.000,00 денари**

**16. Стратегија за туризам**

**Краток опис**

Со изработка на стратегија за туризам се предвидува да се направи една анализа за можностите и предизвиците кои ги има општината за развојот на туризмот, како и проектите кои може да се реализираат и донесат позитивни ефекти за промоција на Општина Карпош

**Буџет: 450.000,00 денари**

ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА
**5.070.000,00 денари**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01. 2012 година.

07-9497/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност за 2012 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош од областа заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/5**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точки 2 и 4 и член 36 од законот за локална само управа (`` Службен Весник`` бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година ја донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2012 ГОДИНА

## *I. ВОВЕД*

Секторот за заштита на животната средина и природата преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2012 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ 2008-2012, Стратешки План за локален развој на Општина Карпош 2009-2013), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

Секторот, кој во својот состав содржи две одделенија – Одделение за заштита на животната средина и природата, и Одделение за енергетска ефикасност, со своите активности се стреми да придонесе за спроведување на многуте еколошки и енергетско-ефикасни проекти, а сé со цел Општината Карпош и нејзините граѓани да добијат одлични услови и повисоки стандарди во областите екологија и енергетска ефикасност.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

- Општина Карпош – општината на својата територија да ги спроведува мерките и активностите кои се доделени на локалната самоуправа, а се однесуваат на областите заштита на животната средина и енергетската ефиксност;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани.
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно активно учество на граѓаните;
- Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во заштитата и подобрувањето на еколошките стандарди, што ќе придонесе за развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата и тоа што значи да се биде енергетски ефикасен во одвивање на процесите;
- Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за

нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини. Заложбата на ЕУ (20,20,20) ѝ обврзува за намалување на потрошената енергија од 20%, односно намалување на емисијата на $CO_2$ за 20% во период до 2020 година.

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

# 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Одделението за заштита на животната средина и природата своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

1.1. Јавна чистота и хигиена,
1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура,
1.3. Урбана опрема,
1.4. Имплементација на ЛЕАП-от,
1.5. Катастар на загадувачи, и
1.6. Едукации, работилници, семинари

### 1.1. ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА

За одржувањето на јавната чистота, иако е во законска надлежност на Градот Скопје, односно ЈП Комунална хигиена – Скопје, Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Затоа и следната (2012) година Општината Карпош планира да ангажира 70-на сезонски работници кои ќе бидат исплатени од општинскиот Буџет.

За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:

- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),
- Одржување на машините и приборот за работа и набавка на нови,
- Набавка на ХТЗ опрема за работниците,
- Одржување и сервис на комуналното возило,
- Чистење на дивите депонии.

За извршување на наведените активности Општината Карпош ќе издвои **29.000.000 денари**.

За унапредување и осовременување на услугите од оваа област Општина Карпош планира во 2012 година да набави и **три комунални возила**, односно две цистерни за миење на улици и полевање на јавното зеленило, и едно возило со хидраулична платформа за кастрење на високите гранки со цел обезбедување

поголема сигурност на граѓаните, како и подобра осветленост на улиците и јавните површини. Планирани средства за оваа намена – **6.000.000 денари**.

## 1.2. ПАРКОВИ, ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И ХОРТИКУЛТУРА

### 1.2.1. Одржување на постојното јавно зеленило

- Одржување и реконструкција на тревни површини

Се мисли на постојните парковски површини, односно замена на оштетената или уништена трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.

Планирани средства: **1.500.000 денар**

- Одржување и реконструкција на цветни површини

Оваа активност се однесува на одржување на цветните насади и замена на овенатите или уништени цвеќиња на местата кои се со цветен насад, како на пример Кружниот тек помеѓу Варшавска и Париска, дворот на општината Карпош, дворот на ОУ Димо Хаџи Димов и др.

Планирани средства: **2.000.000 денари**

- Одржување и реконструкција на жардиниери

Во 2012 година по пролетното садење на цвеќе и тревната површина на жардиниерите од двете страни на бул. Партизански одреди, на потегот од крстосницата со ул. Бледски договор до крстосницата со ул. Франклин Рузвелт, целиот потег од мостот Обединети нации до Рузвелтова ќе треба да се одржува, коси, полева и надополнува со цвеќе.

Планирани средства: **3.900.000 денари**

- Воведување на систем “капка по капка” и негово одржување

Ваков систем веќе е поставен на локацијата кружен тек кај средното училиште Георги Димитров, а на самиот почеток на 2012 година приоритетно е инсталирањето на овој систем на жардиниерите по бул. Партизански одреди и евентуално на други локации на територијата на Општина Карпош.

Планирани средства: **2.500.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **100.000 денари**

**Вкупен буџет за 1.2.1. Одржување на постојното јавно зеленило: 10.000.000 денари**

**1.2.2. Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило**

- Изградба на нови паркови (зеленило, цвеќе, садници...)

Посебен акцент се става на оваа ставка за наредната 2012 година поради тоа што Општината Карпош планира во текот на оваа година многу повеќе внимание да посвети на урбаната естетика, па со изградбата и реконструкцијата на плоштади, шеталишта, платоа и други содржини, хортикултурното уредување на овој простор е еден од приоритетните зафати.

Планирани средства: **12.350.000 денари**

- Изградба на жардиниери со хортикултура

Истото објаснување од претходната точка важи и тука, па така планираните жардиниери ќе бидат со цвеќе, зеленило, украсна вегетација, ниски зимзелени растенија итн. Планирани средства: **2.500.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **150.000 денари**

**Вкупен буџет за 1.2.2. Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило: 15.000.000 денари**

1.3. УРБАНА ОПРЕМА

**1.3.1. Одржување на урбаната опрема**

- Одржување и санација на оштетени клупи за седење

Дел од поставените клупи се оставени на забот на времето, па така неопходна е интервенција и санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).

Планирани средства: **3.400.000 денари**

- Одржување и санација на оштетени корпи за смет

Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, добар дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) е секако потребна.

Планирани средства: **1.250.000 денари**

- Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи

Се работи за реконструкција на оградите, металните столбчиња и останати браварски работи и нивно тековно одржување.

Планирани средства: **2.000.000 денари**

- Одржување и санација на патеката за ролери

Потребна е санација на механичките оштетувања на патеката за ролери и велосипеди на десната страна од кејот на р. Вардар, на територијата на Општина Карпош.

Планирани средства: **150.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **100.000 денари**

**Вкупен буџет за 1.3.1. Одржување на урбаната опрема: 7.000.000 денари**

**1.3.2. Поставување нова урбана опрема**

Гореспоменатите планирани содржини кои се од естетско-урбан карактер, како плоштади, шеталишта, платоа и др. бараат зголемен обем на нова урбана опрема, односно стилски клупи за седење, корпи за смет, летниковци итн. Па така...

- Набавка и поставување на нови клупи за седење

Планирани средства: **16.000.000 денари**

- Набавка и поставување на нови корпи за смет

Планирани средства: **11.700.000 денари**

- Изградба и поставување на летниковци

Планирани средства: **2.000.000 денари**

- Набавка и поставување на урбана опрема и реквизити за нов скејт парк

Планираната изградба на нов, поголем и посовремен скејт парк на местото на стариот и запуштен скејт парк се одразува и на набавката на урбана опрема и реквизити. Реквизитите, како и клупите, корпите за отпадоци, оградата итн. ќе бидат по најсовремените европски стандарди.

Планирани средства: **5.000.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **300.000 денари**

**Вкупен буџет за 1.3.2. Поставување нова урбана опрема: 35.000.000 денари**

### 1.3.3. Спортски и детски игралишта

- Реконструкција на реквизити и огради на спортски и детски игралишта

Добар дел од детските игралишта, како и дел од спортските игралишта се "зрели" за интервенција, односно реконструкција со замена на оштетените реквизити, поправка на оградата и заштита и фарбање на елементите во игралиштата.

Планирани средства: **1.950.000 денари**

- Опремување со реквизити и друга урбана опрема на нови спортски игралишта

Планирани средства: **500.000 денари**

- Изградба на нови детски игралишта

Планирана е изградба на неколку детски игралишта со модерни реквизити, подлога и оснатана урбана опрема

Планирани средства: **2.500.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **50.000 денари**

**Вкупен буџет за 1.3.3. Спортски и детски игралишта: 5.000.000 денари**

## 1.4. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП-ОТ

- Реализација на проектите од усвоениот ЛЕАП за 2012 година

Комисијата за спроведување на активностите од ЛЕАП ќе изработи Акциски план за 2012 година, кои потоа ќе биде усвоен на седница на Советот на Општина Карпош. Во тој Акциски план ќе бидат определени приоритетните проекти за имплементирање во 2012 година.

Планирани средства: **4.000.000 денари**

## 1.5. КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ

- Изработка на катастар на загадувачи

Овој катастар ќе ги содржи сите потенцијални и актуелни загадувачи на територијата на Општина Карпош. Ќе бидат евидентирани сите индустриски објекти со интегрирани еколошки дозволи А категорија, В категорија и објекти кои се должни да изработат Елаборат за влијание врз животната средина.

Покрај индустриските објекти ќе се евидентираат и загадувачите од јавен карактер, како што е јавниот сообраќај и сообраќајот воопшто, како и индивидуалните објекти на физички лица.

Изработката на ваков тип на катастар многу ќе го олесни мониторингот и контролата на загадувачите на територија на Општина Карпош.

Планирани средства: **300.000 денари**

### 1.6. ЕДУКАЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ

- Едукација за повторно искористување на електричниот и електронскиот отпад

  Целна група: Ученици од основни училишта

- Web едукација за загадувачите во Општина Карпош

  Целна група: Граѓани на Општина Карпош

- Едукација на инвеститорите и граѓаните од Општина Карпош за енергетската ефикасност на новоизградените објекти

  Целна група: Бизнис сектор

- Едукација на Еко одборите во основните училишта за подготовка на проекти од областа на енергетската ефикасност

  Целна група: Наставници, родители и ученици

Планирани средства: **500.000 денари**

# 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Проекти од Општинската Програма за енергетска ефикасност (МЕЕП),
2.3. Изработка и донесување на Стратешки енергетски акционен план (СЕАП) за одржлив енергетски развој на Општина Карпош за 2012-2020 година,
2.4. Манифестација “Денови на енергетската ефикасност”.

### 2.1. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

#### 2.1.1. Одржување на јавното осветлување

- Сметки за електрична енергија

Висината на средствата кои ќе бидат потрошени за плаќање на сметки за електрична енергија се планира да биде на истото ниво како и 2012 година, бидејќи се предвидува дека покачувањето на цената за електрична енергија ќе се компензира со помалата потрошувачка на енергија поради замената на дел од осветлувањето со штедливи светилки.

Планирани средства: **14.000.000 денари**

- Поправки и одржување на јавното осветлување

По изборот на фирма за одржување на јавното осветлување, Општината Карпош планира да воспостави нов и ефикасен начин на реагирање по пријава на дефект на јавното осветлување од страна на граѓаните, како и вработените од урбаните заедници во Општина Карпош.

Планирани средства: **11.250.000 денари**

- Такси за електрични приклучоци

Планирани средства: **500.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **250.000 денари**

**Вкупен буџет за 2.1.1. Одржување на јавното осветлување: 26.000.000 денари**

### 2.1.2. Изградба на нови системи на јавно осветлување

- Подготовка на проекти и мерење на заземјување

Подготовката на проекти и мерењето на заземјување на новопоставеното јавно осветлување претставуваат законска обврска, која Општина Карпош ќе ја исполни.

Планирани средства: **1.050.000 денари.**

- Целосна реконструкција и ново осветлување

Целосна реконструкција на старите системи за јавно осветлување подразбира промена не само на светилките, туку и на комплетната инсталација, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.

Поставувањето на ново осветлување се однесува на јавни површини каде досега воопшто не постоело осветлување.

Планирани средства: **19.200.000 денари**

- Осветлување на општински пат од Средно до Горно Нерези со автономни соларни светилки

Проектот предвидува наместо скапата електрична енергија од мрежа да се поставaт канделабри со соларни колектори и батерии (со височина од 6 метри) и соларни светилки со лед-диоди со што овој пат ќе биде најдолгата делница со вакви канделабри во Македонија.

Планирани средства: **9.000.000 денари** (контрибуција на Општина Карпош)

- Проектирање и изведба на нови системи за внатрешно осветлување на објекти во надлежност на Општина Карпош

Новите системи за внатрешно осветлување позитивно ќе се одразат врз видот на корисниците на овие објекти (учениците и наставниците од основните училишта и децата и воспитувачите од детските градинки). Исто така, ќе бидат поставени штедливи светилки кои ќе трошат многу помалку електрична енергија од постоечките застарени системи за внатрешно осветлување.

Планирани средства: **5.000.000 денари** (контрибуција на Општина Карпош)

- Означување на столбовите на јавното осветлување во надлежност на Општина Карпош

По пуштање во употреба на сите автономни командни ормари, Општината Карпош планира да ги означи сите столбови на јавното осветлување кои се во нејзина надлежност, со што интервенциите и одржувањето ќе се врши многу побргу и поефикасно.

Планирани средства: **500.000 денари**

- Надзор при изведба

Планирани средства: **300.000 денари**

**Вкупен буџет за 2.1.2. Изградба на нови системи на јавно осветлување: 35.000.000 денари**

## 2.2. ПРОЕКТИ ОД ОПШТИНСКАТА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ (МЕЕП)

- Реконструкција на спортските објекти во Општина Карпош со штедливи рефлекторски системи

Со овој проект се опфатени 12 спортски терени во основните училишта и 8 терени во урбаните и месните заедници, односно 98 столбови со 244 рефлектори од 400W. Со замената се предвидува поставување на рефлектори од 150W со ист светлосен флукс, со што ќе се обезбеди заштеда од 65% при иста видливост.

- Реконструкција на дворните светилки во основните училишта и градинките во општината

Се заменуваат светликите поставени во дворните места на основните училишта и градинките со штедливи натриумови (150W) светилки и светилки со флуо цевки (55W). Се планира и осветлување на сите неосветлени места околу објектите.

- Замена на електричните бојлери за санитарна топла вода со соларни вакуум-инјекторски системи во училиштата и градинските во Општина Карпош

Со проектот се предвидува поставување на високопродуктивни вакуум-инјекторски соларни системи, кои ќе ја задоволат целокупната потреба за санитарна вода користејќи обновлив извор на енергија.

- Замена на системите за греење во основните училишта со обновливи извори на енергија

Со овој проект се предвидува греењето во основните училишта да се префрли на обновливи извори на енергија кое е многу поефтино на среден и долг рок.

- Изградба на Технолошки парк

Целта на проектот е Општината Карпош со сопствен пример пред сите инвеститори и градители да покаже како треба да се размислува и да се гради на нејзината територија. Исто така, проектот е и од едукативна природа и ќе биде граден за добивање на највисока енергетска категорија според потрошувачката на енергија по $m^2$.

Планирани средства: **14.000.000 денари** (контрибуција на Општина Карпош)

## 2.3. ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ЕНЕРГЕТСКИ АКЦИОНЕН ПЛАН (СЕАП) ЗА ОДРЖЛИВ ЕНЕРГЕТСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2012-2020 ГОДИНА

- Консултантски услуги за изработка на СЕАП за 2012-2020 година

Согласно потпишаната Конвенција на градоначалници на општини и градови од Европа, Општината Карпош има обврска да донесе СЕАП за 2012-2020 година како стратешки документ покрај Програмата за енергетска ефикасност, согласно Законот за енергетика.

Планирани средства: **300.000 денари**

### 2.4. МАНИФЕСТАЦИЈА "ДЕНОВИ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ"

- Планирање и организирање на манифестацијата "Денови на енергетската ефикасност"

Манифестацијата "Денови на енергетската ефикасност", исто така претставува обврска од гореспоменатата Конвенција. Се планира да се одржи во текот на есента 2012 година, со донесен посебен план на активности, кој ќе содржи презентации од областа на енергетската ефикасност на повеќе нивоа: училишта, граѓански сектор, стручни и експертски собири и др.

Планирани средства: **700.000 денари**

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупниот Буџет од 187.800.000 денари за финансирање на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено е со буџетот на општина Карпош за 2012 година. За дел од проектите се бараат средства од меѓународни фондации наменети за проекти за заштита на животната средина и Енергетската ефикасност, сите дополнителни средства по овие основи и евентуално дополнителните зафаќања од буџетот во 2012 година ќе бидат реализирани со ребалансите на буџетските средства.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Карпош``, а ќе се применува од 01. јануари. 2012 година.

07-9497/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за реализација на дејноста образование за 2012 година

1.Се објавува Програмата за реализација на дејноста образование за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/6**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ број 5/2002” ), Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година донесе

## ПРОГРАМА
## за дејноста образование за 2012 година

## I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Општина Карпош водејќи грижа за учениците и наставниците од основните училишта, со цел да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, одвои средства од својот Буџет за реализирање на Програмата за дејноста образование за 2012 година.

Програмата за дејноста образование за 2012 година ги содржи активностите кои Општината континуирано (традиционално) ги остварува и нови активности предвидени со „Стратегијата за развој на основното образование во Општина Карпош за периодот 2011-2016 година“ кои планира да ги направи со цел подобрување на квалитетот на образованието и условите, за непречено одржување на наставата и вонннаставните активности во училиштата на територија на Општина Карпош.

Програмата за дејноста образование за 2012 година е отворена програма која може да се дополнува со проекти во текот на целата година.

Предлог-проектите кои произлегоа во програмата се во координација со директорите на основните училишта, претставници од Советот на Оптината и вработените во Одделението за образование.

## II. ПРОЕКТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**1. Доделување стипендии на талентирани ученици од основното образование**

На подрачјето на Општина Карпош има 10 основни училишта со преку 6 000 ученици. Меѓу нив има ученици кои посебно се истакнуваат во одредена област или предмет и постигнуваат резултати. Општина Карпош предвидува материјална подршка преку давање на стипендии на талентирани ученици од основното образование на нејзина територија.

Стипендиите свечено се доделуваат на роденденот на Општина Карпош **3 ноември**.

Очекувани резултати:

- стимулирање и развивање на талентот кај посебно надарените
- учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси, изложби и сл и постигнати резултати
- Следење на напредокот на учениците кои добиле стипендија преку училиштата

**Буџет: 2 .000 000,оо денари**

## 2. Школа за фолклор

Во оваа школа учество ќе земат учениците од прво до шесто одделение од основните училишта во Општина Карпош кои ќе ги води стручен, искусен и меѓународно признат фолклорен уметник Бранко Јовевски. Часовите ќе бидат организирани така што нема да влијаат на времето посветено за учење и на другите воншколски активности.

Целта на овој проект е да се негува, чува и презентира македонскиот фолклор, да се зголеми интересот за посетување на фолклорна школа кај младите генерации.

Школата за фолклор „Ајде да научиме да ги играме прекрасните македонски ора“ ќе се одржи од месец **октомври 2011 година до месец јуни 2012 година**, во ОУ „Лазо Трповски“, ОУ „Владо Тасевски“, ОУ „Петар Поп Арсов“, ОУ „Јан Амос Коменски“ и ОУ „Димо Хаџи Димов“.

Очекувани резултати:

- Негување, чување и презентирање на македонскиот фолклор
- Зголемување на интересот за посета на фолклорна школа кај младите
- Изучување на македонскиот фолклор и песна

Подносител на проектот е **МКУД „ Цветан Димов“**

**Буџет: 200.000,оо денари** (маици со кратки ракави, долни тренерки, хонорар за двајца музичари, користење превоз за проби во училиштата, набавка на машки и женски народни носии.)

## 3. Школа за цртан и анимиран филм и компјутерска графика

Во оваа школа ќе се опфатат ученици од основните училишта на Општина Карпош. Одговорен кој ќе го води овој проект и ќе ги одржува ликовните часови е Илчо Симовски кој учениците ќе ги подучува на вештините на цртаниот и анимираниот филм, на изработка на стрипови и други техники на работилницата.

Часовите ќе бидат организирани така што нема да влијаат на времето посветено за учење и на другите воншколски активности. Со завршување на школата ќе се направи и изложба на она што го сработиле децата.

Школата за цртан и анимиран филм ќе се одржи од месец **октомври 2011 година до месец април 2012 година**, во ОУ „Христијан Тодоровски Карпош ".

Очекувани резултати:

- Учество на децата од основните училишта
- Совладување на вештините на цртаниот и анимираниот филм, на изработка на стрипови и други техники на работилницата.

Подносител на проектот е **„Детскиот ликовен центар"**

**Буџет: 200.000,оо денари**

## 4. Школа за актерска игра

Во оваа школа учество ќе земат децата од осмо одделение при основните училишта на Општина Карпош. Школата се организира да трае од месец октомври до месец јуни кога децата ќе одржат и претстави каде ќе го презентираат она што го научиле. Часовите односно вежбите ќе бидат организирани така што нема да влијаат на времето посветено за учење и на другите воншколски активности.

Предавањата ќе бидат креативни, релаксирани, богати со интересни импровизации и етиди ( вежби ) кои ќе се работат на самите часови.

Школата за актерска игра ќе се одржи од месец **октомври 2011 година до месец јуни 2012 година**, во ОУ „Лазо Трповски“ и ОУ „Владо Тасевски“.
Очекувани резултати:

- Учество на децата од основните училишта
- Совладување на говорот на децата

Подносител на проектот е **Димче Мешковски**

**Буџет: 500 000,оо денари**

## 5. Шола за вежби и танц

Биљана Стојановска, дипломиран социјален работник и балетски уметник повторно поднесе проект насловен „Вежби и танц за децата од Општина Карпош со цел подобро психофизичко здравје“ за учебната 2011/2012 година.
Активностите од овој проект се одвиваа минатата учебна година под наслов „Преку вежби и танц до подобро здравје“ како дел од Годишната програма на Општината, со учество на околу стотина ученици од основните училишта.
Позитивниот одзив на учениците како и спроведеното мерење на задоволството на учениците за овој вид на активност овозможи овој проект да се најде како предлог и оваа учебна година.
Вклучувањето на децата во овие активности ќе го подигнат нивниот физички и културен развој, ќе ја развијат креативната компонента или поконкретно склоп на физички вежби за правилен физички развој како и танцување на кореографии како дел од модерниот балет со цел здрав присофизички развој (физички, ментален и емоционален) и социјален развој.

Предност на учество ќе имаат децата погодени со некој од социјалните ризици или поконкретно деца од социјални семејства, деца без родители и родителска грижа, социјално необезбедени деца, деца со лесни пречки во развојот способни за физичка активност, но можат да се вклучуваат и други деца со цел да се запази принципот на еднаквост, а сакаат да учествуваат во ваков тип на активност.

Школата ќе се одржи од месец **октомври 2011 година до месец јуни 2012 година**.

Подносител: **Биљана Стојановска,** дипломиран социјален работник и балетски уметник

**Буџет: 150.000,00 денари**

## 6. Меѓународна детска ликовна колонија Манастир

На детската ликовна колонија учество ќе земат ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош и ученици од училиштата од збратимените општини. Мотивите и теми за работа на ликовната колонија се: сликање на манастирот и природните убавини на планината Водно, сликање од птичја перспектива на Градот Скопје како и сликање по слободен избор.

По завршување на ликовната колонија, во фоајето на Општина Карпош или Детскиот ликовен центар ќе се изложат сработените ликовни дела на младите таленти.

Меѓународната детска ликовна колонија ќе се одржи во **септември 2012 година** на Манастир „ Св. Пантелејмон “ – с. Горно Нерези – Скопје.

Организатор: **Детски ликовен центар**

Очекувани резултати:

- Учество на децата од основните училишта
- Учество на ученици од училиштата од збратимените општини
- Поттикнување на уметничкиот дух на најмладите
- Негување на ликовната традиција кај младите

Подносител: **Детски ликовен центар**

**Буџет: 200.000,оо денари** ( материјал потребен за сликање, хромокартони, обезбедување на поликолорни бои, сместување на децата учесници од другите градови и нивните ментори, храна, превоз на учесниците до манастирот, организирање изложба по завршување на ликовната колонија )

## 7. Полуматурска забава

Завршна манифестација и момент на затворање на еден степен од образованието на осмоодделенците од сите основни училишта од Карпош.

Целта на манифестацијата е полуматурантите да се забавуваат, да ги испишат своите пораки за идните генерации, да донираат стари лектири, да се потсетат на завршените проекти. На самата манифестација Општина Карпош предвидува доделување награди за најуспешните полуматуранти кои оставиле белег во текот на своето школување како за училиштето, така и за општината.

Забавата ќе се одржи во **јуни** кога се и последните училишни денови за осмооделенците.

**Буџет: 600. 000,оо денари** ( награди за осмооделенците, озвучување и бина, водител, пеачи, торта, украсување, изнајмување простор и др.)

## 8. 1 септември – Ден на првачињата

Училишна забава за сите првооделенци од десетте основни училишта на тертиоријата на општина Карпош. Проектот предвидува една убава можност за запознавање на учениците-првачиња со своите учители и врсници. Општината на секое прваче ќе му посака добредојде во своето училиште со скромен подарок (училишен прибор).

Манифестацијата се предвидува да се одржи во **септември** кога официјално започнува школската година.

**Буџет: 350. 000,оо денари** ( подароци за првачињата, озвучување и бина, водител, пеачи и др.)

## 9. Прослава на денот на општината

По повод роденденот на општината **3 ноември** се предвидуваат голем број на активности во кои учество ќе земат ученици од основните училишта и тоа:

1. Конкурс за најдобра **фотографија** на учениците од основните училишта на територија на Општина Карпош,

2. Конкурс за најдобар **видео спот** за општината на учениците од основните училишта на територија на Општина Карпош,

3. **Квиз** за учениците од основните училишта на територија на Општина Карпош за тоа кој најдобро ја познава Општина Карпош,

4. Снимање на **спот** за детската химна на општината

5. Проект ”Карпош има талент”- **музичко** натпреварување

6. **Литературен** конкурс

7. **Цветно дефиле**

За сите овие активности Општина Карпош предвидува награди за најдобрите ученици и училишта.

**Буџет: 400.000,оо денари** (награди, торта, изнајмување простор, програм за квиз натпреварот, водител, пеач и др.)

## 10. Предновогодишни и новогодишни активности

Посета на Дедо Мраз во училиштата и делење на подароци, организирање новогодишен хепенинг, Конкурс за најубаво украсено училиште и нивно наградување се само дел од активностите кои општината ги предвидува за новогодишните празници, а се со цел на забавен начин да се испрати старата година и да се пречека новата. Овие активности се предвидени да се реализираат во месец **декември**.

**Буџет: 300.000,оо денари** (подароци, украсување, театарска претстава и др)

## 11. Хорски натпревар меѓу училиштата

Проектот е предвидено да трае преку **цела година** и ќе се одржува во просториите на сите основни училишта во Општина Карпош. Секое училиште кое има училишно хорче од ученици може да учествува во проектот. Училиштата цела година ќе вежбаат и на крајот ќе се натпреваруваат за освојување на награда. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат.

**Буџет: 400.000 денари** (награди за наставниците, награди за училиштата, организација)
Прва награда 40.000
Втора награда 30.000
Трета награда 20.000

Прва награда 200.000
Втора награда 100.000

## 12. Денови на образование

„ДЕНОВИ НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ“ - Саем на основните училишта на општина Карпош„

Квалитетот на работата на основите училишта се еден од факторите кои го одредуваат и степенот на развој на општините во кои припаѓаат. Оттука и грижата на општините, како и на останатите субјекти кои се креатори на политиките на образованието и кои се одговорни за квалитот на истото, како и за континуирано следење на нивната работа, за организиран и структурен начин на нивно поддржување и зајакнување, со цел постојано подобрување на квалитетот на работата.

Проектот кореспондира со една од стратешките цели и произлегува непосредно од стратегијата за развој на образованието на општина Карпош 2011-2016.

***Цели на проектот***

1. Зголемување на соработката меѓу училиштата и општината, како и помеѓу останатите училишта од градот Скопје и државата;
2. Да се подобри информирањето на јавноста за активностите и постигнувањата на училиштата;
3. Да се подобри менаџирањето на училиштата заради постигнување на поголема компететивност.

Времетраење на проектот 3 месеци.

Реализатор: Општина Карпош

**Буџет: 500.000,00 денари** (Канцалариски материјал, флаери, покани, благодарници, награди, постери за настанот, документарен филм, организирање работилници, техничка опрема, изнајмување на штандови, бина, културно уметничка програма и др.)

## 13. Обуки за подготовка на проектни апликации за обезбедување на финансиски средства од разни донатори

Една од можностите училиштата да ги исполнат своите цели и задачи е по пат на реализација на проекти. Ваквата потреба се повеќе станува реалност на секое училиште земајќи во предвид дека средствата кои се издвојуваат од буџетот се ограничени и не можат да ги земат во предвид посебните потреби на секое училиште и главно ги опфаќаат општите образовни потреби. За таа цел сметаме дека е неопходно дел од наставниот кадар, стручната и раководна служба на училиштата да бидат опфатени со серија на обуки/работилници кои би им помогнале во реализација на определена проектна иницијатива. Имено, се работи за обука кои би им помогнале на учичиштата на структурен и добро организиран начин да ги преточуваат своите идеи во проекти кои пак од своја страна би им го трасирале патот до крајна реализација - **„ОД ИДЕА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА„**

Главна цел на проектот е да оспособи 3-члена екипа во секое основно училиште за пишување на проектни иницијативи. Овој тим би стекнал знеање и вештини за спроведување на идеите во конкретни проектни иницијативи.

Цели на овој проект се:

- да се информираат наставниците за видови на проекти
- да се обучат наставниците идеите да ги преточуваат во предлог проекти
- да се оспособат наставниците за планирање на буџетот за потребите на проектните иницијативи
- да се запознаат со можностите и начините како до потенцијални финансиери/донатори
- секое училиште да претвори 1 идеа во конкретен предлог проект

Директни корисници се директорите и наставници од основните училишта на територијата на општина Карпош.

Индиректни корисници се училиштата, учениците и општината Карпош.

**Активности**

- Изготвување на програма и потребен материјал за за планираните обуки и работилници (24 часа)
- Изработување и печатење на прирачник за учесниците на обуките
- Обука на тема видови проекти
- Обука и работилница за пишување на проектни иницијативи
- Обука и работилница за буџетско планирање
- Симулација на презентација на 1 проектна иницијатива пред донатори

Подносител: **Билјана Муфишовска М-р Анализа и менаџмент на развојни проекти**

**Буџет: 20.000 денари** Тридневна обука ( двајца обучувачи, храна и освежување, канцалариски материјал, технички помагала и изнајмување простор, печатење прирачници)

## 14. Испитување на задоволството на родителите од квалитетот на услугите во основното образование во општина Карпош
## 14.1 Испитување на задоволството на учениците од петто до осмо одделение од досегашните вонаставни активности

Во почетната фаза на процесот на изработка на Стратегијата за развој на основното образование во општина Карпош (2011-2016), во периодот **од 12. 01. 2011 до 28. 01. 2011** година беше спроведено истражување на задоволството на родителите од квалитетот на услугите во основното образование во општина Карпош.

Основната цел на истражувањето беше да се добие реална слика за тоа во која мера основните училишта во општината ги задоволуваат стандардите за квалитетно образование на учениците од прво до осмо одделение

Како клучно ограничување на овој истражувачки проект се наметна фактот што немаше можност за негова споредба со индексот на задоволството на главните конкуренти или во конретниов случај основните училишта во општините во градот Скопје и пошироко во Р. Македонија, како и споредба со индексите на задоволство од претходни години, за да се открие неговиот тренд во подолг временски период. Со цел да се отстрани овој недостаток и открие трендот, Висион Консалтинг ја доставува оваа понуда за изработка на истражувачки проект за испитување на задоволството на родителите од основното образование кој ќе се реализира во Јануари 2012 година, или една година после претходниот истражувачки проект.

Исто така, континуираното мерење на задоволството е неопходен предуслов за исполнување на критериумите предвидени со ISO стандардите.

Дополнително, со овој истражувачки проект се предвидува и испитување на учениците од петто до осмо одделение за задоволството од досегашните вонnаставни активности како и генерирање на идеи од нивна страна за реализација на нови вонnаставни активности согласно нивните потреби и очекувања. При анализата на резултатите може да се пресметаат аритметичките средини и да се изврши рангирање на најпосакуваните вонnаставни активности.

Подносител: **„Висион Консалтинг“**

**Буџет: 250. 000 денари** (материјални трошоци за анкетари)

## 15. Проект за развивање на комуникациски вештина во прилог спречување на насилство деца-деца, возрасни –деца и возрасни-возрасни

1. Главна цел на проектот:

Поддршка на програмата за борба против насилство на локално ниво.

Цели на проектот:

- Намалување на насилство помеѓу децата

- Вклучување на возрасни во едукативните работилници
- Доведување на комуницирањето меѓу децата и возрасните на повисоко етичко ниво
- Комуникација меѓу возрасните да се издигне на европско ниво

2. Целни групи:
    - Ученици од основните училишта во Општина Карпош, од седмо и осмо одделение
    - Вработени од општината
    - Родители и граѓани на Општина Карпош
3. Задачи:
    - Едукација за развивање на способности кај сите целни групи за комуникациски вештини
    - Изработка на видео и печатен материјал од работилниците
    - Изработка на прирачник во кој ќе бидат вклучени учесниците во проектот
4. Очекувани резултати
    - Активно вклучување на сите целни групи со практикување на вештините од работилниците
    - Развивање на свеста кај населението за потреба од понатамошна работа во оваа насока
    - Поголемо вклучување на децата, семејствата и граѓаните во проектни активности кои ги организира општината.
5. Локација на проектот:
    - Општина Карпош, ОУ Јан Амос Коменски, ОУ Војдан Чернодрински, ОУ Вера Циривири – Трена, ОУ Владо Тасевски .
6. Времетраење на проектот: **4 месеци**
7. Активности на проектот:
    - Медиумска кампања
    - Подготовка и дистрибуција на флаери
    - Индивидуални и групни психолошки и правни советувања
    - Јавни трибини и едукативни програми.

Подносител: **Елка Даскалова М-р по менаџмент на човечки ресурси**

**Буџет: 140.000,00 денари** ( информирање, анкета, предавачи, превоз, канцелариски материјал, извештај и др)

## 16. Обука на наставници за идентификација и едукација на надарени ученици

Оваа година **ЛОКУС ДООЕЛ** во соработка со Институтот за психологија при Филозофскиот факултет, повторно поднесоа апликација за изведување на активности врзани за програмата Обука на нставници за идентификација и едукација на надарени ученици за учебната 2011/2012 година.
Овие активности се одвиваа минатата учебна година како дел од Годишната програма на Одделението за образование, со учество на 38 наставници од 9 (вкупно 10) основни училишта.

Позитивниот одзив на училиштата покажа интерес за евентуално продолжување на оваа обука со учество на други заинтересирани наставници.
Главна цел на овој проект е исклучителната можност да им се обезбеди на потенцијално надарените ученици образовна поддршка во согласност со нивните интелектуални, социјални и емоционални потреби, преку оспособување на наставниците за нивна идентификација и едукација.
Обучувачи на проектот се психолозите од Институтот за психологија при УКИМ доцент д-р Елена Ачковска-Лешковска и професор д-р Виолета Арнаудова.

Очекувани резултати: Наставниците по обуката ќе бидат во состојба:
-да ја развијат способноста со поголема сигурност да ги препознаат учениците кои поседуваат потенцијална надареност, со што ќе се намали опасноста од згаснување на нивните потенцијали
- да изготват специјални програми за работа со надарени ученици
- да стекнат сознанија кои ќе им овозможат подолготрајно и посеопфатно следење на надареноста кај своите ученици и др.
Времето кога ќе се реализира проектот ќе биде договорен со Одделението за образование.

Подносител: **ЛОКУС ДООЕЛ** во соработка со Институтот за психологија при Филозофскиот факултет

**Буџет: 350.000,00** (предавачи, храна, освежување, канцелариски материјали)

## 17. Управување со конфликти

Еднодневната обука “Управување со конфликти”, од **М-р Игор Андреев,** асистент на Економскиот факултет во Прилеп, ќе придонесе за остварување на конкретната цел – креирање безбедна средина преку создавање на клима на доверба и разбирање за разликите меѓу децата и вложување во безбедносна инфраструктура.По завршувањето на обуката учесниците ќе бидат во можност да:

- Ги препознаат конфликтите и нивната ескалација со текот на времето така што ќе можат да одговорат на нив ефективно
- Селектираат соодветен стил за разрешување на конфликтите базиран на нивните потреби со цел да добијат максимални резултати
- Управуваат со сопствените емоции и поитивно да влијаат на останатите кога се во конфликт
- Ги препознаат тактичките пристапи кои се употребуваат кога се во интеракција со останатите кои што би можеле да доведат до конфликт и да употребат соодветни чекори за да избегнат развој на конфликт.
- Преговараат за тоа што сакаат и да се придвижат кон вин/вин резултат
- Спречат деструктивни конфликти на работното место

Директни бенефити од оваа обука ќе имаат наставниците кои што ќе учествуваат во истата, а исто така и учениците како и училиштето и пошироката локална заедница во целина.

Цената по учесник изнесува **3450 денари.**

Подносител: **М-р Игор Андреев,** асистент на Економскиот факултет во Прилеп

**Буџет: 120.000,00** (Подготовката на тренинг програмата, испорака на тренинг-програмата од страна на 2 тренери / обучувачи, кафе, освежителни пијалоци и ручек, работна тетратка за секој слушател).

## 18. „ Карпош - олинклузив„или „Десетка за Карпош“

„ДЕСЕТКА ЗА КАРПОШ „-сите ОУ во Карпош на заедничка манифестација!

<u>ВОВЕД</u>: Основните училишта во Карпош се 10, реновирани се, успешни се најубави се, имаат се!!! Недостасува само едно - ДА ГИ СОЕДИНИМЕ!!!!

<u>Цел на проектот</u>: Водечка и главна улога во овој проект имаат наставниците, обидот е овој пат да ги МОТИВИРАМЕ НАСТАВНИЦИТЕ, а при тоа во ниту еден момент да не ги заборавиме децата.Тие ке бидат главните, но во сенка. Ке си ги сменат улогите. Сите 10 училишта во Општина Карпош да се соединат и заеднички да пулсираат на еден поинаков и интересен начин, необичен и прифатлив за децата, за родителите и за наставниците, со што значително би се подигнало нивото на успешна соработка меѓу училиштата. Сето тоа да претставува добра забава за сите, при тоа комуникацијата со учениците да биде на високо ниво,

другарувањето, разговорите, смеењето додека сето тоа се подготвува да биде истовремено едукативно, реласкирано и незаборавно за сите. Впрочем, овој проект произлегува од потребата на учениците да се дружат со своите наставници и надвор од наставата, да се развива натпреварувачкиот дух сл. И кога е добра соработката и дружењето тогаш и сериозните проекти сами по себе се наметнуваат и допринесуваат за голем успех.

Сите активности би се **изведувале во еден ден**-или ако се покаже интерес и два дена (еднаш годишно) ,значи тој ден би бил „ДЕН НА УЧИЛИШТАТА НА КАРПОШ„ или тоа е ...„Десетката за Карпош„ (работен наслов).

АКТИВНОСТИ:

- КАРАОКЕ НАТПРЕВАР МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ – изборот на песните ке го прават учениците, по тројца ученици од секое училиште заедно со еден родител го работат репертоарот.Учествуваат наставниците од сите 10 училишта кои се најдобри вокали, може да настапуваат како дует, соло, октет и сл..Публика се учениците и на крајот се бира :најдобар вокал, интерпретација, кореографија итн – за најдобрите следат примамливи награди
- СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ – Публика децата, судии децата, тренери исто така децата. Натпреварите може да бидат од секаков вид: ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ – кои заеднички ќе ги сработат сите 10 наставници по физичко, потоа натпревар во ПИНГ ПОНГ, КОШАРКА, ШАХ И СЛ
- НАЈДОБРА СТОРИЈА - ИНТЕРВЈУ –Во соработка со весникот Карпош Урбан неколку месеци пред главната манифестација наставниците и др.служби во училиштето се новинари. Секој во друго училиште истражува и објавува по една сторија или интервју со личност(може да биде за ученик интересна приказна, за наставник, за хаус мајсторот, за било што новинарски издражано и привлечно за читателите на Карпош) На пример наставникот по македонски од ОУ„Владо Тасевски„ ке пишува за Приказната на Кристина, ученичка од ОУ„Братство„-Потоа Комисија од новинар, ученик, родител, претставник од Општина, одбира најдобри стории и ги наградува.
- ИЗБОР НА НАЈДОБАР – категории:наставник на годината (награда 10-ка од Карпош за наставникот..........) -некоја мотивирачка награда.Најдобар директор, најдобар педагог, психолог. најдобар класен, најдобар проект, најхумано училиште итн....

Подносител: **Рената Поповска,** педагог во ОУ„Лазо Трповски„

**Буџет: 350.000,00** (награди, изнајмување простор, технички помагала)

## 19. Хигиена WC со 5 ѕвезди

**- За чисти тоалети, стандарди и контрола во градинките, основните, средните училишта, факултетите, болниците и јавните установи.**

Целта на проектот е воведување стандарди за одржување и реновирање на училишните тоалети, систем на контрола на хигиената во тоалетите и нивно редовно одржување, создавање здрави навики кај децата и младите луѓе, апарати за тоалетна хартија и сапун, чешми со сензор, изработка на проекти со кој ќе се контролира и помага надзорот на квалитет при секое реновирање или градба, подигање на свеста кај надлежните и родителите.

Времетраење на проектот: Според план-парцијален

Вклучени страни во проектот: Општините, училиштата и градинките, персоналот во училиштата и градинките, родителите на учениците, самите ученици, здравство, пациенти, доктори, сервис за хигиена итн..

Очекувани резултати:

- чисти и сигурни тоалети
- подигање на совеста за хигиена кај децата и возрасните
- намалени појави на зарази и болести кај децата, болониците, јавните ВЦ
- заедничко здружување за подобар стандард, среќни родители
- претставување на Македонија како земја со високи хигиенски стандарди.

Име на проектот: Највисоки стандарди за хигиена во училиштата/прва фаза
Во првата фаза од проектот ќе се организираат едукативни работилници, совети за хигиена во секое училиште и вклучување на бизнис заедницата за донирање и постигнување највисоки стандарди на хигиена.

Според резултатите од деталната анализа, формирање на советот и воведување на стандардите ќе се премине на втора фаза од проектот.

Подносител: **ПРИМА ЦЕНТАР-Скопје**
**Буџет: 300.000,00**

## 20. Вработување на стручни соработници (педагог, психолог, дефектолог и социјален работник) согласно потребите на училиштата

Проектот произлегува од „Стратегијата за развој на основното образование за период од 2011-2016 година“. Сите основни училишта ја искажаа потребата од вработување на стручно лице - дефектолог кој ќе работи со учениците кои имаат пречки во развојот и воедно би им помагал и на наставниците и на родителите како поуспешно да се справат со проблемите.
Во основните училишта бројот на деца со пречки во развој е значително зголемен и од тука произлегува потребата.

Во Законот за основно образование им е дадено правото на тие деца да се школуваат во редовниот систем на образование, а од друга страна не постои стручен кадар.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансорањето на активностите утврдено со оваа Програма во износ од 7.510.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Програмата за дејноста образование за 2012 година е отворена програма, која може да се дополнува преку целата година.

По завршувањето на проектите секој реализатор е должен д Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираниот проект.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година

07-9497/6  
22.12.2011 година  
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ  
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ  
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска,социјална и здравствена заштита за 2012 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска,социјална и здравствена заштита за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/7**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 од Законот за Локалната Самоуправа ( “Службен весник на РМ број 5/2002” ) Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година ја донесе

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2012 година

## I ВОВЕД

Согласно Законот за социјална заштита, Законот за Локална самоуправа и Националната програма за развој на социјалната заштита во локалната самоуправа, се превземаат мерки и активности за социјална заштита на граѓаните.

Општина Карпош преку програмата ги утврдува приоритетите од областа на детската, социјалната и здравствената заштита и финансиските средства потребни за нивно реализирање.

Согласно ингеренциите со Законот за Локална самоуправа, Општина Карпош своите активности ќе ги насочува кон вонинституционалните форми за социјална заштита на ранливите групи кои се истовремено, најмногу засегнати од последиците на сиромаштијата и социјалната исклученост.

## II ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да допринесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

-Активности од областа на детската заштита

-Развивање форми на вонинституционална заштита, вклучување на социјално исклучени лица и остварување на правата од областа на социјалната и здравствената заштита

-Поддршка и помош на лица засегнати од злоупотреба на дрога, алкохол и други психотропни супстанци

-Унапредување на здравјето на населението и промовирање на здрави начини на живеење

-Парична помош за лица и семејства и хуманитарни акци

III Активности од областа на детската заштита

| 1. | Развивање и унапредување на методологијата на работењето во јавните установи општински детски градинки |
|---|---|
| Цели: | - Овозможување на сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина<br>- Вклучување и информирање на родителите на децата кои ги посетуваат градинките, за Монтесори принципите (осамостојување на децата од најмала возраст сами да си ги извршуваат основните потреби )<br>- Поголемо вклучување на децата од предучилишна возраст во спортски, културни, креативни и други манифестации. |
| | 1.Поддршка на активности во ЈУОДГ организирани со Општината<br><br>2.Организирање на Монтесори обуки за деца и родители во ЈУОДГ во Општина Карпош<br><br>- реализатор:Македонско Монтесори здружение................ 209.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Активности:** | 3.Откривање и превенција на злоупотреба на деца од предучилишна возраст (реализатор на обуките Светска здравствена организација)<br><br>**4. - За останатите активности......................... 100 000,оо денари** |
| ВКУПНО | **309 000,00 ден** |

**IV Развивање форми на вонинституционална заштита и вклучување на социјално исклучените лица**

| **1.** | **Вонинституционална заштита на старите лица** |
|---|---|
| **Цели:** | - Помош и поддршка при остварување на правата од обласа на социјалната и здравствената заштита<br>- Подобрување на квалитетот на живеење и создавање исполнет, сигурен, задоволен живот во староста. |
| **Активности:** | 1. Отворање клубови за стари лица во Општина Карпош 700.000,00 денари<br><br>2.Психо-социјална поддршка на старите лица<br><br>3.Организирање на средби со стари и осамени лица и лица во социјален ризик- .......................................................................................................110.000,00 денари<br><br>4.Истражување на социо-економската состојба на лица над 65 годишна возраст (Изготвување на социјална карта во една УЗ Тафталиџе 1 ) |

| | |
|---|---|
| | 5.Организирање на активности од културно-забавен и спортско-рекреативен карактер(Организирање натпревар по шах, табла, домино, пикадо,организирање на концерти, настапи на фолклорни друштва, одбележување на значајни денови и празници со организирање на манифестации и културни настани)<br><br>Здружение на пензионери Карпош ....................................... 500.000,00 денари<br><br>Здружение на пензионери ДДД-Тафталице......................... 500.000,00 денари<br><br>6. За останатите активности......................... 100 000,оо денари |
| ВКУПНО | **1.910. 000,00 ден .** |

| | |
|---|---|
| **2** | **Поддршка на лица со посебни потреби** |
| Цели: | - Подобрување на квалитетот на живеење на лицата со попреченост во развојот и на нивните семејства<br>- Интегрирање и целосно учество во општеството на лицата со посебни потреби<br>- Овозможување целосен пристапност до институциите во општината за лицата со посебни потреби<br>- Вклучување на децата со попреченост во редовниот образовен систем<br>- Физички активности и рекреација за лица со посебни потреби<br>- Надминување предрасудите и прифаќање на лицата со посебни потреби во општествениот живот |
| **Активности:** | 1.Поставување пристапни рампи и овозможување пристап на лицата со попречености до сите институции во општината<br><br>2.Учество на лицата со попречености на манифестации и активности организирани и поддржани од општината<br><br>3.Психо-социјална поддршка на семејствата во кои живеат лица со |

| | |
|---|---|
| | пречки во психо-физичкиот развој<br>4.Средби со граѓани и едукации за дружење, прифаќање и соработка со лицата со посебни потреби<br>реализатори: дефектолог психолог.............................. 100.000,00 денари<br>5.Соработка со институции, здруженија, и НВО за поддршка на лицата со поречености<br>6.Средба со лицата со хендикеп (и пригодни подароци) по повод 3 ти декември Денот на лицата со хендикеп................................ 300.000,00денари<br>7.Отварање на два дневни центри за лица со хендикеп<br>Реализатор:НВО ПОРАКА...................................... 3.000.000,00 денари<br>8.За останатите активности........................ 50 000,оо денари |
| ВКУПНО | **3. 450.000,00 денари** |

| 3 | Подобрување на квалитетот на живеењето на ромската популација |
|---|---|
| **Цели:** | - Активно вклучување на децата роми во предучилишните установи<br>- Намалување на појавата на питачење<br>- Здравствена едукација на ромите со комисијата за еднакви можности за жените и мажите<br>- Помош во натура за лица и семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик |
| **Активности:** | 1.Учество на Општина Карпош во имплементација на Проектот Инклузија на деца Роми во Ј.У.О.Д.Г. Пролет ............... 150.000,00 денари<br>2.Подигнување на свеста кај ромската популација за навремено вклучување во образовниот процес (запишување на децата на 6 год возраст)<br>3.Организирање на трибини и работилници од здравствен карактер |

| | |
|---|---|
| | (гинекологија, стоматологија, педијатрија, интерни болести, лабараториски испитувања и др) и стекнување на навики за грижа за сопственото здравје............................ 150.000,00<br><br>4.Организирање на хуманитарни акции и донации за обезбедување на храна, облека, обувки, др. хуманитарна помош<br><br>5.Континуирана соработка со НВО и институции од државата<br><br>6.За останатите активности......................... 50 000,оо денари |
| ВКУПНО | **350.000,00 ден** |

**V Социјална заштита на лица засегнати од злоупотреба на дрога алкохол и други психотропни супстанци**

| 1 | **Превенција и ресоцијализација за лица кои употребуваат , односно злоупотребуваат дрога алкохол и други психотропни супстанци** |
|---|---|
| Цели: | - Намалување на побарувањето на дрога кај младата популација<br>- Советодавна работа со лицата и семејствата засегнати со проблемот на злоупотреба на дрога и други психотропни супстанци<br>- Намалување на бројот на алкохоличари и нивна ресоцијализација и враќање во нормален живот |
| Активности: | 1 Учество во координативното тело за droги на град Скопје за превентивно делување против дрогата, алкохолот и цигарите кај младата популација<br><br>2.Имплементирање на локалната стратегија за дроги на град Скопје<br><br>3.Соработка со НВО за превентивна и советодавна работа на лицата, нивните семејства и граѓаните( НВО Здрав живот)<br><br>4.Отварање на клуб за апстиненција од алкохол |

| | |
|---|---|
| | Проект-“Животот е премногу скапоцен за да му го подариме на алкохолот“<br><br>Реализтор: Здружение на граѓани – апстиненти за едукација, мотивација рехабилитација,ресоцијализација и превенција од алкохол,дрог,тутун. Таблети и друго “Здрав живот “ – Скопје .................................. 300.000,00 денари<br><br>5.Психо-социјална поддршка на семејствата на корисниците на дрога и алкохол ( НВО Здрав живот)<br><br>6.Соработка со надлежните министерства, институции, социјални и здравствени центри, со Градот Скопје и општините во Градот Скопје<br><br>7. .За останатите активности.......................... 50 000,оо денари |
| ВКУПНО | **350 000,оо ден** |

**VI Унапредување на здравјето на населението и промовирање на здрави начини на живот**

| 1 | **Унапредување на здравствена заштита** |
|---|---|
| **Цели:** | - Зголемување на свеста кај децата од предучилишна возраст и основните училишта на територијата на општина Карпош за здрав однос кон себе и околината |
| **Активности:** | 1.Превентивни стоматолошки прегледи во предучилишните установи каде што нема соматолог<br><br>2.Соработка со НВО, здравствени установи и стручни лица за промовирање, едуцирање и подигање на свеста на населението за водење на здрави начини на живеење |

| | |
|---|---|
| | 3.Учество на спортски, културни и други манифестации на децата и граѓаните<br><br>4.Организирање на хуманитарни креативни работилници наменети за лекување на болни лица во сораборка со ЈУОДГ во Општина Карпош<br><br>**5.За реализација на активностите.............................................100 000,00 денари** |
| | |

## VII Парична помош за лица и семејства и хуманитарни акции

| | |
|---|---|
| **Цели:** | - Помош и поддршка за лица и семејства кои во одредено време се нашле во состојба на социјален ризик и парична помош за секое новородено и посвоено дете на територијата на Општина Карпош |
| **Активности:** | o<br>1.Разгледување на документација од подносителите на барањата за<br>новороденчиња и изготвување на соодветна документација-2.000.000,00 ден.<br><br>2.Разгледување на документација од подносителот на барањето за ЕПП, лекување и друго,<br><br>3.Увид во домот на подносителот на барањето<br><br>4.Изготвување на соодветна документација документација- 3.000.000,00 ден.<br><br>5.Организирање на хуманитарни акции за лица и семејства со социјален ризик-100.000,00 ден. |

| | |
|---|---|
| | |
| ВКУПНО | 5. 100 000, 00 денари |
| | |

| | |
|---|---|
| Вкупна финансиска Конструкција | 11.569. 000,00 денари |

VIII ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени во оваа Програма во износ од 11.569.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Определените финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата,а кои во својата актуелност квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2012 година и ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Крпош.

По завршувањето на проектите секој реализатор е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираниот проект.

IX ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош, а ќе се применува од 01 јануари 2012 година.

07-9497/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за изменување на Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош

1.Се објавува Програмата за изменување на Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош, донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-9729/7-1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.12.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), како и согласно член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.01/06), Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница, одржана на 24 февруари 2011 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

за изменување на Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош

## Член 1

Во Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр. 09/2009 и 3/2011) во точка 4,”Поддршка со парична помош”, алинеа “ѓ”, износот “4.800,00” се заменува со износот “3.500,00 “.

## Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-9497/7-1
22.12.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за областа заштита и спасување на граѓаните и материјални добра за 2012 година

1.Се објавува Програмата за областа заштита и спасување на граѓаните и материјални добра за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/8**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со член 4, став 1 и 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04; 49/04; 86/08 и 124/10), Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година донесе

# ПРОГРАМА

## на активности од областа за заштита и спасување на граѓани и материјални добра

## I. ВОВЕД

Во денешно време заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира спроведување на едукативни активности и превземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјални штети.

При определување на задачите за заштитата и спасувањето се тргнува од целосна различна природа на предизвиците и заканите со кои денес се соочуваме. Имено, актуелните ризици и опасности, по своја природа се непредвидливи, нивните појавни облици се тешко препознатливи, а последиците кои ги предизвикуваат се големи. Во градењето на капацитетите, механизмите и способноста да се одговори на современите ризици и опасности, основно внимание се посветува на следните елементи:

- Навремена идентификација и процена на веројатноста и интензитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра;

- Нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните, кои ќе се спроведуваат во високо координиран и организиран процес;

- Рационалност и ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите.

Заради ваква комплексност Општина Карпош настојувајќи да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани.

## II. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

**1.** Обука и организирање на вежбовни активности за припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош, со цел обука, оспособување, увежбување и одржување на стекнатата едукација и вештини стекнати од претходните обуки.

Средствата се потребни за покривање на трошоците за курсеви со професионални инструктори, теоретска настава и практична обука, превоз, сместување и исхрана;

-Време на реализација................... прво и второ тромесечие

**-Финансиски средства...........................400 000,00 денари**

**2.** Обука и едукација на вработените во урбаните и месните заедници во Општина Карпош и месно население за ракување и правилна употреба на противпожарни апарати и хидранти за брзо и навремено локализирање на почетни пожари.

Средствата се потребни за покривање на трошоците за фирма која ќе ја изврши теоретската и практичната обука, за полнење на употребените ПП апарати во обуката и добивање на соодветни сертификати;

-Време на реализација..........................второ тромесечие

**-Финансиски средства...........................200 000,00 денари**

**3.** Редовен сервис, одржување и набавка на нови противпожарни апарати во Општината и урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки со цел одржување на апаратите во исправна состојба;

-Време на реализација............................јуни и јули

-Финансиски средства за одржување и сервис

Општината..................................................10 000,00 денари

Урбаните и месните заедници..........40 000,00 денари

Основни училишта..................................60 000,00 денари

Детски градинки.......................................40 000,00 денари

-Финансиски средства за набавка на нови противпожарни апарати

Основни училишта..................................100 000,00 денари

Детски градинки.........................................50 000,00 денари

**ВКУПНО...............................................300 000,00 денари**

**4.**Набавка на хидрантски опрема, сервис и одржување во основните училишта и детските градинки заради замена на оштетена и дотраена хидрантска мрежа;

-Време на реализација.............................јули и август

-Финансиски средства за сервис и одржување

Основни училишта....................................50 000,00 денари

Детски градинки.........................................50 000,00 денари

-Финансиски средства за опрема

Основни училишта..................................100 000,00 денари

Детски градинки.......................................100 000,00 денари

**ВКУПНО...............................................300 000,00 денари**

**5.** Испитување и одржување на отпор на изолација на електрична инсталација во Општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки со цел сведување на минимум штетните последици врз штитените објекти;

-Време на реализација..........................трето тромесечие

-Финансиски средства

Општината.....................................................15 000,00 денари

Урбаните и месните заедници............15 000,00 денари

Основни училишта..................................170 000,00 денари

Детски градинки......................................100 000,00 денари

**ВКУПНО...............................................300 000,00 денари**

**6.** Испитување, сервис и одржување на громобранското и заштитно заземјување во Општината, урбаните и месните зедници, основните училишта и детските градинки со цел сведување на минимум штетните последици од атмосферските празнења врз штитените објекти;

-Време на реализација..........................јули и август

-Финансиски средства

Општината..................................................20 000,00 денари

Урбаните и месните заедници............10 000,00 денари

Основни училишта..................................170 000,00 денари

Детски градинки......................................100 000,00 денари

**ВКУПНО..............................................300 000,00 денари**

**7.** Редовна дератизација на подрачјето на Општината како и во основните училишта и детските градинки заради заштита на човековата околина од глодари и нивно уништување;

-Време на реализација..........................март и октомври

-Финансиски средства

Општината...................................................550 000,00 денари

Основни училишта..................................25 000,00 денари

Детски градинки.......................................25 000,00 денари

**ВКУПНО..............................................600 000,00 денари**

**8.** Набавка на опрема и средства за доопремување на единицата за заштита и спасување заради квалитетно и ефикасно справување со сите можни ризици и опасности;

Опрема што треба да се набави:
-две пумпи со комплет црева за вадење вода,
-петнаесет нараменица за вода за гасење пожар,
-петнаест панорамски заштитни маски,
-седум неопренски одела (долги),

-седум комплета за спасувачи на вода (пераи, маски)
-десет неопренски патики,
-два резервоара за вода пластични од иљада литри,
-седум комбилизон гумени чизми,
-педесет ластик батерии со диоди за на заштитен шлем, две двосмерни пумпи за чамец.

**-Финансиски средства..........................1.000 000,00 денари**

9. Испитување и набавка на хидрантски црева со ормари за висококатниците во Општина Карпош (за згради повисоки од девет ката) со цел зголемување на безбедноста од аспект на заштита од пожари.

-Време на реализација................................второ тромесечие

-Финансиски средства

испитување......................................................100 000,00 денари

комплет хидрантско црево.....................500 000,00 денари

**ВКУПНО..................................................600 000,00 денари**

10. Обезбедување на финансиски средства за осигурување на опремата на просторната единица за заштита и спасување магацинскиот простор;

-Време на реализација................................прво тромесечие

**-Финансиски средства...........................150 000,00 денари**

11. Согласно членот 21 став, 3 и членот 51, став 1, алинеја 3 од Законот за пожарникарство, уредено е дека, општините и Градот Скопје, односно општините во Градот Скопје, надлежни се да обезбедат простор и финансиски средства за тековна активност на доброволната противпожарна организација на својата територија како единствениот извор за нивно финансирање. Во Буџетот на Општината за наредната 2012 година да се планираат и реализираат финансиски средства за доброволната противпожарна организација која што делува на територија на Општина Карпош, т.е. за Доброволно противпожарно друштво „Влае".

Доброволното противпожарно друштво „Влае" има доставено барање до општината во кое има доставено и програмата со активности за реализација за 2012 година.

**-Финансиски средства...........................500 000,00 денари**

**12.** Осигурана и противожарно заштитена општина. Цел на овој проект е заштита на граѓаните и станбените објекти во Општина Карпош и изработка план и стратегија по кој ќе се пристапи кон  поголема активност на повеќе институции, како во стамбените згради и висококатниците да се обезбеди безбедно место за живеење и сигурност на имотот на граѓаните. Подигање на свеста за почитување на стандардите за противпожарна заштита, план за евакуација во зградите, значењето на исправност на инсталацијата, активно вклучвање на граѓаните, општината и градот, набавка на ППЗ опрема,  простори за паркинг, противпожарни скали итн.

Вклучени страни во проектот Граѓаните на Општината, Општина Карпош, Куќни совети, Урбани и месни заедници, Против пожарен сојуз, Град Скопје, ППЗ компании, Осигурителни компании.

Носител : Здружение на граѓани „Прима Центар“ – Скопје

-Време на реализација................................второ тромесечие

**-Финансиски средства..........................350 000,00 денари**

Покрај наведените мерки и активности Одделението за заштита и спасување на граѓани и материјални добра при Секторот за подршка на градоначалникот, во текот на 2012 година ќе реализира и повеќе други конкретни активности од кои треба да бидат споменати:

- Редовно ажурирање на сите оперативни планови за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

- Редовно годишно ажурирање на Мерките за приправност;

- Редовна изработка на известувања до граѓаните со насоки за однесување и превентивни мерки во летниот период од аспект на заштита од пожар;- Организирање на предавање за ученици од основните училишта во врска со заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи со цел запознавање и едукација на заштита и спасување;

-Евентуално спроведување на активности што не можат однапред да се предвидат, а што се од интерес за заштита на граѓаните и материјалните добра.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 5.000.000 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2012 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

Прегледот на потребните финансиски средства за реализација на Програмата е составен дел на оваа Програма.

По завршување на проектите секој реализатор е задолжен до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираниот проект.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

07-9497/8<br>22.12.2011 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ<br>Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во развојот на месната самоуправа во општината за 2012 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во развојот на месната самоуправа во општината за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/9**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ. Бр.5/02) Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активности на Општината Карпош, во развојот и унапредувањето на Месната самоуправа во Општината за 2012 година.

Организационата поставеност на месната самоуправа во Општината Карпош е регулирана со посебна глава во Статутот на Општината и тоа од член 78 до член 93. Местото, улогата и организацијата на работата на месната самоуправа, односно работата на урбаните и месните заедници, е регулирано со Правилата за работа на урбаните, односно месните заедници во Општината Карпош. Во тие рамки, со Програмата ќе се предвидат нови форми на непосредно информирање на граѓаните за помошта во решавањето на нивните секојдневни потреби и барања во делот на комуналната инфраструктура, урбанизмот, заштитата на животната средина и други работи кои се во доменот на одлучување и решавање на Општината Карпош. Исто така со Програмата ќе се афирмираат и поддржаат активностите кои ги организираат урбаните, односно месните заедници. Со Програмата се предвидуваат активности со кои урбаните, односно месните заедници ќе се вклучат во одбележувањето на јубилеи и прослави на Општината со организирање на спортски активности и вклучување на голем број граѓани од Општината.

Во Програмата ќе се дефинираат повеќе приоритети поврзани со месната самоуправа, кои треба да придонесат за унапредување на истата и тоа:

I. Активности во делот на унапредување на работата на урбаните, односно месните заедници.

II. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месните заедници.

III. Одбележување на јубилеи и прослави од страна Општината со организирање на спортски активности.

IV. Унапредување и осовременување на работата на одделението за месна самоуправа.

**I. Активности во делот на унапредување на работата на урбаните, односно месните заедници.**

| Наслов: | Едукативно-пропанганден материјал **“Општина Карпош-најблиска до граѓанинот”** |
|---|---|
| Цели: | - непосредно информирање на граѓаните за помошта во решавањето на нивните секојдневни потреби и барања во делот на комуналната инфраструктура, урбанизмот, заштитата на животната средина и други работи кои се во доменот на одлучување и решавање на Општината Карпош.<br><br>-запознавање на граѓаните за можноста да разгледуваат прашања, заземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од секојдневно значење за животот и работата на жителите од подрачјето на урбаната, односно месната заедница. |
| Активности: | - обука на вработените (државни службеници) задолжени за работата на месната самоуправа за развој на истата<br><br>-организирање на работни средби со невладината организација Центар за локален развој и транспарентно владеење (ЦЛРТВ) која работи на проблематиката на локалната и месната самоуправа.<br><br>-во соработка со невладината организација Центар за локален развој И транспарентно владеење (ЦЛРТВ) изработка на едукативно-пропанганден материјал |
| Време на реализација: | Април- Септември |
| Финансиски средства: | 700,000,00 ден. |

**II. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месните заедници.**

| Наслов: | **Прослава на верскиот празник Св.Атанасије, Св.Тројца , Св.Илија и СВ.Пантелејмон** |
|---|---|
| Цели: | -негување на народните обичаи при прославување на верскиот празник;<br>-непосредна комуникација и дружење на жителите од урбаните и месните заедници Нерези, Влае 1, Злокуќани и Бардовци. |
| Активности | -помош во организацијата на прославата |
| Време на реализација | 31 јануари, 5 јуни, 2 август |
| Финансиски средства | 160.000,00 ден. |

| Наслов: | **Прославување на Бадник** |
|---|---|
| Цели: | -негување на народните обичаи при прославување на верскиот празник;<br>-непосредна комуникација и дружење на жителите од една улица, кварт, односно урбаната или месната заедница; |
| Активности: | -набавка на дрва за коледарските огнови во 14 урбани, односно месни заедници;<br>-помош во организацијата на бадниковата вечера (централна |

| | |
|---|---|
| | манифестација во Општината) во урбана заедница “ВлаеИИ” ; |
| Време на<br>реализација: | 5 јануари |
| Финансиски средства: | 600.000,00 ден. |

**III.Одбележување на јубилеи и прослави од страна на Општината со организирање на спортски активности.**

| Наслов | КАРПОШ СПОРТУВА |
|---|---|
| Цели | - создавање на спортски тимови(репрезентации) во секоја урбана, односно месната заедница;<br>- негување на здрав натпреварувачки дух помеѓу урбаните, односно месните заедници;<br>- непосредно дружење на жителите на урбаните, односно месните заедници; |
| Активности: | Организирање на турнири во мал фудбал, баскет, пинг-понг, влечење јаже и друго. |
| Време на<br>реализација | јануари-декември |
| Финансиски средства | 500.000,00 ден. |

**IV. Унапредување и осовременување на работата на одделението за месна самоуправа.**

| Наслов: | **Опремување на одделението и урбаните, односно месните заедници (канцелариски мебел,возило и сл.)** |
|---|---|
| Цели: | -осовременување на просторот за работа во урбаните, односно месните заедници<br><br>-воспоставување брза и секојдневна комуникација со органите и телата на урбаните,односно месните заедници<br><br>-дистрибуција на материјали од Општината за урбаните, односно месните заедници |
| Активности: | - набавка на климатизери за урбаните,односно месните заедници;<br><br>-набавка на канцелариски мебел за потребите на урбаните, односно месните заедници<br><br>-набавка на моторно возило за потребите на одделението |
| Време на реализација | јануари-декември |
| Финансиски средства | 800.000,00 ден. |

**Вкупно потребни средства за 2012 год. 2.760.000,00 денари**

V.Оваа Програма влегува во сила Осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01.2012 година.

07-9497/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Програма за одбележување на 36-годишнината од формирање на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Програмата за одбележување на 36-годишнината од формирање на Општина Карпош за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/10** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.12.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за одбележување на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош

Општината Карпош е формирана во 1976 година со Законот за формирањето на општините на Град Скопје и за утврдувањето на нивните подрачја („Службен весник на СРМ“ бр. 8/76). Оваа година, на 3.11.2012 година, Општината Карпош ја одбележува 36-годишнината од своето основање. Во тие рамки е изготвена и Програмата за одбележување на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош во која се поместени активностите кои ќе бидат изведени по тој повод.

Програмата за одбележување на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош ќе се реализира во текот на десет дена и ќе се состои од 9 дела:

1. Програмски активности:

1.1. Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Карпош.

1.2. Организирање на трибина, дебата или тркалезна маса на тема „Локалната самоуправа – состојби, искуства и перспективи“.

1.3 Културно-забавни активности[2]:
- Организирање на концерт;
- Изложба на слики од дневниот ликовен хепенинг во рамките на Културно лето Карпош 2011;
- Изложба на фотографии;
- Изложба на акварели;

1.4. Спортски активности[3]:
- Организирање на спортски натпревари во пинг-понг, шах и табла;
- Ревијален натпревар во кошарка со екипи од збратимените општини;
- Промоција на талентираните спортисти;
- Училишни спортски игри.

1.5. Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош[1]:
- Цветно дефиле;
- Литературен конкурс;
- Квиз;
- Изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта;
- Доделување стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош.

[1] Предвидено со Програмата за дејноста образование за 2012 година
[2] Предвидено со Програмата за дејноста култура за 2012 година
[3] Предвидено со Програмата за дејноста спорт за 2012 година

1.6 Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи" (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош)[4].
1.7 Крводарителска акција[5].
1.8 Свечена академија:

- Протоколарен дел;
- Доделување плакети на заслужни граѓани на општина Карпош.

1.9 Организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените општини Нов Белград, Република Србија, Тиват, Црна Гора и Тријадица, Република Бугарија, Стари Град, Босна и Херцеговина, како и со Општина Травник, Босна и Херцеговина.

2. За секоја од предвидените активности Организациониот одбор за одбележувањето на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош ќе изготви посебни планови во кои истите детално ќе бидат прецизирани, со динамика на нивното реализирање.

3. Потребните средства за реализацијата на Програмата за одбележување на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош во износ од 3.000.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

4. Програмата за одбележување на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош ќе ја реализира Организациониот одбор за одбележување на 36-годишнината од формирањето на Општина Карпош.

5. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот во објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

Бр. 07 – 9497/10
22.12.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за активности на општината од областа на дејноста култура за 2012 година

1.Се објавува Програмата за активности на општината од областа на дејноста култура за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/11** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.12.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година ја донесе

# ПРОГРАМА

# ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 2012 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Карпош од областа на културата :

1. **Доближување на културата до сите граѓани**

- Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Карпош рамноправно да учествуваат, како творци и како корисници, во културата и во културните случувања.

2. **Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите**

- Земајќи ја во обзир перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потрагата по нови изразни средства, ќе се

поддржуваат експериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

## 3. Заштита, чување и креирање на културното наследство

- Следејќи го континуитетот на културата како традиција на повеќе цивилизациски слоеви, обврска е на секоја институција во Република Македонија, вклучувајќи ги и општините, да го евидентираат, маркираат и во рамките на своите можности реконструираат и реставрираат културното наследство.
- Истото треба да се однесува како на артефактите кои се пронајдени, така и на духовната традиција, обичаите, фолклорот, разни видови на музејски експонати, споменични обележја, но и на луѓето кој оставиле белег во културата на Општината и народот воопшто.
- Од друга страна, културното наследство ќе се ревитализира и ќе се пресоздава низ уметничкото искуство (музиката, театарот, сликарството, филмот, етно музика) и неговата афирмација.

## 4. Враќање на дигнитетот на творецот и на творештвото

- Центар на културата е човекот и неговиот креативен потенцијал. Соочени со долгогодишна рецесија и депресија која ги оптеретува со основни егзистенцијални проблеми авторите го губат интересот и мотивацијата за работа, творење, стручно усовршување и претставување. Немајќи материјални можности да го изразат својот авторски потенцијал и големите креативци се принудени да работот други работи бегајќи од својата основна дејност. Една од важните цели на Програмата за култура на Општина Карпош е со субвенции во културната дејност и помош во остварувањето на креативни проекти да се врати дигнитетот на творецот и на тој начин културата и творештвото не само што ќе бидат пристојна, туку и престижна дејност за работа и за живеење.

## 5. Воведување на најмладите (децата од основните училишта) во креативните процеси

Децата како најголемо богатство и иднина на секое општество се и негова најголема обврска. Едукацијата и образованието на децата се врвен приоритет.

6. **Создавање услови за развој на културен туризам, како фактор за социјалниот и за економскиот развој**
   - Афирмација, презентација и користење на културните и на природните предели во функција на развојот на културниот туризам и подготовка на стратегија за развој на културниот туризам

Овие цели ќе се остварат преку:

1. **Институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти од значење на Општината.**

2. **Негување и стимулирање на културно – уметничкото творештво и манифестации.**

3. **Одбележување на настани и личности од значење на Општината.**

4. **Организирање манифестации значајни за граѓаните на Општина Карпош**

- Програмата за култура ќе се финасира со средства од Буџетот на Општина Карпош.
- Програмата за култура е отворена и во текот на годината може да се дополнува.
- Програмата за култура е поделена во пет програмски целини.

## III. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

### 1. Културно лето „Карпош 2012“

- Културно лето „Карпош“ 2012 претставува комплексна културна и уметничка програма со која треба културно и забавно да се анимираат граѓаните на Општина Карпош во текот на летните месеци.
- Програмата на Културно лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на граѓаните од општината, што претпоставува дека голем дел од програмата треба да е покриен со културни творци од Општина Карпош.

- Програмата ќе се исполни и со настапи на познати артисти од Македонија и странство.
- Програмата е разновидна и во својата содржина подразбира:

  - Изведби на музички групи и солистички настапи, поп пеачи, рок групи, етно музика;
  - Организирање на ликовни изложби, учество на академски сликари и деца почетници во ликовната уметност, и
  - Изведби на театарски претстави, балетски претстави, културно уметнички друштва, филмски проекци.

- Конкретните содржини на Програмата и нејзинот реализатор (од областа на културата) ќе се избере по пат на јавен конкурс, распишан од страна на градоначалникот на Општина Карпош.

- Финансиски средства 3.000.000 денари.

2. **Трет акварелен симпозиум**

- Во историјата на уметноста акварелот се вбројува како една од најтешките техники во ликовното творештво и не секој автор може да ја применува. Добриот акварелист мора да има нагласено чувство за доживување на природата и предметите, тој забележува неочекувани и неконвенционални кадри од пејсажот. Мора да поседува сигурен цртеж, оформен по претходната анализа и студиозна работа на мотивот со размислување за секое делче на насликаната површина и негово вклопување во композицијата како целина. Целата ликовна содржина потребно е претходно добро да ја проучи и кога ке пристапи кон изведбата да ја обележи брзо, со сигурно око и рака. Само тогаш делото ке ја добие убавината што ја нуди непосредната инспирација на уметникот.

- Симпозиумот е веќе две години многу успешно организиран од Општина Карпош и реализиран од Арт тајм. На симпозиумот покрај еминентните македонски уметници, досега учествуваа десетина уметници од Шпанија, Франција, Индија, Романија, Хрватска, Србија, Црна Гора како и гостин од Вијатнам.
  Во колекцијата на Општина останаа преку преку шеесет дела од уметниците.

- Симозиумот е веќе цврсто етаблиран во земјава и странство и добива димензија на традиција.
- Проектот предвидува и оваа година најмалку 10 уметника од кој половина би биле од странство. Би траел 10 дена и тоа дел во Скопје на територија на Општина Карпош и дел низ Републикава.

- Реализатор на проектот - Арт тајм.

- Финансиски средства 450.000 денари.

3. **„Карпошова слава “**

- Мотото на славата е да се вратат старите игри на децата - стоп за компјутерите, напред на спортовите, издигнување на духот на маалското дружење исполнето со староградска изворна македонска музика.

- Славата има хуманитарен карактер во однос на собирање на облека и обувки од граѓаните и училиштето „Христијан Тодоровски Карпош“, како и парични средства наменети за соодветни критични детски случаеви при Црвен Крст.

- Реализатор на проектот - Здружение на граѓани КФЦ

- Финансиски средства 300.000 денари.

## IV.КРЕАТИВНО ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИ И ДЕЦА

**1. Керамичка работилница**

- На оваа работилница учениците ќе се запознаат со техниките на работа со глината и создавање на керамички дела.
- Наставата ќе ја води академскиот скулптор Соња Поповска-Трајковска, а визитинг консултант еден од најпознатите македонски керамичари Владо Аврамчев. Наставата ќе се одржува и во училиштата од Општина Карпош. За печењето на керамиката потребно е да се инсталира керамичка печка во едно од ушилиштата и да се набави дополнителна опрема за непречена настава. Школата е наменета за учениците од основните училишта во Општина Карпош.
- Реализатор - Здружение на граѓани „САГА“

- Финансиски средства 150.000 денари.

**2. Графичка работилница**

- Во оваа работилница децата од основните училишта ќе ги проучуваaат сите графички техники од класичните како сито штампа, линорез, акватинта, бакропис, суваигла, серигрaфија до современата компјутерска графика.
- Во веќе подготвениот графички кабинет ќе се изработуваат сите видови графики и графички отисоци.
- Часовите ќе се одвиваат под надзор на академскиот графичар Илчо Симовски со визитинг гостување на познати македонски графичари.
- Реализатор - Здружение на граѓани „Ботичели“.
- Финансиски средства 100.000 денари.

**3.Фото работилница**

- Учениците од основните училишта ќе се запознаат со основите на фотографијата, изработка на фотографија на класичен начин во фото лабораторија и компјутерска изработака, изработка на уметничка фотографија.
- Едукатори ќе бидат познатите фотографи од фото-студиото „Ани -Дими“
- Реализатор - АД Фотографи ДОО Скопје.
- Финансиски средства 120.000 денари.

**4.Школа за фотошоп и дигитален арт и дизајн**

- Школа во која учениците од Општина Карпош ќе можат да се запознаат и да го проучат еден од најкорисните компјутерски програми фотошоп под менторство на познатиот визуелен уметник и професор по арт дизајн и дигитален арт Денис Тенев.
- Во оваа школа учениците ќе се запознаат со создавање на електронскиот дизајн, со начин на преработка на готови фотографии, фото монтажа, изработка на плакати, флаери.
- Реализитор на проектот – Здружение на граѓани „Артемис“
- Финансиски средства 100.000 денари.

## V. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ

**1.Предновогодишни и новогодишни активности**

- Чествување и славење на новогодишните празници, како и верските празници околу Нова година.

- Конкретните содржини на активностите и нејзинот реализатор (здружение на граѓани од областа на културата) ќе се избере по пат на јавен конкурс, распишан од страна на градоначалникот на Општина Карпош.
- Финансиски средства 1.200.000 денари.

**2. Новогодишно украсување на општина Карпош**

- Финансиски средства 5.000.000 денари.

## VI. ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ НА КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ И НВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

**1. Поддршка на Програмата на МКУД „Цветан Димов “**

- „Од цвет на цвет со оро и песна“ (традиционално )

Меѓународниот детски фолклорен фестивал традиционално се одржува на територија на Општина Карпош. Учесници на фестивалот се детски фолклорни ансамбли од Скопје, Република Македонија и детски фолклорни ансамбли од повеќе држави од соседните земји и пошироко.

По одржувањето на Манифестацијата ќе се достави извештај до Советот на Општината.

- Финансиски средства 350.000 денари

**2. Поддршка на програмата на АКУД „Мирче Ацев“**

- Меѓународен студентски фолклорен фестивал (традиционално)

Меѓународниот студентски фолклорен фестивал се одржува традиционално повеќе години наназад. Учесници на фестивалот се фолклорни ансамбли од Република Македонија и фолклорни ансамбли од повеќе држави од соседните земји и пошироко. Општина Карпош по шести пат се вклучува како покровител.

По одржувањето на фестивалот ќе се достави извештај до Советот на Општината.

- Финансиски средства 250.000 денари.

**3. Поддршка на програмата на КУД „Каршиака“**

- Меѓународен фолклорен фестивал „Скупи 2011 “

Фестивалот е од ревијален карактер, при што учесниците ги презентираат фолклорните вредности на својата земја и традиција согласно програмата и динамиката утврдена од страна на организаорот.

Организатор на фестивалот е Ансамблот „Каршиака“ од Скопје, а учесници се фолклорни ансамбли од Република Македонија и фолклорни ансамбли од повеќе држави од соседните земји и пошироко.

По одржувањето на фестивалот ќе се достави извештај до Советот на Општината.

- Финансиски средства 300.000 денари

**4. Поддршка на активностите на здружението за негување на националните, верските и културните традиции на припадниците на српската националност во Република Македонија „Српски културен центар“ – Скопје**

- Одбележување на национален ден на Српската заедница во Република Македонија.
- Реализатор на проектот – „Српски културен центар“ – Скопје
- Финансиски средства 100.000 денари.

**5. Поддршка на програмата на КУД „Етнос“**

Развивање и негување на фолкорните традиции кај децата.

Активностите на друштвото се насочени кон запознавање на децата од најмала возраст со фолклорните традиции и обичаи, ората и песните на нашиот народ, како и запознавање на традициите на другите народи.

Друштвото работи повеќе години на теритирија на Општина Карпош.

- Финансиски средстав: **80.000 денари**

**6. Поддршка на други НВО и други институции од областа на културата и творештвото**

Проекти кои пристигаат во текот на годината, а за кои Комисијата за култура при Советот ќе утврди дека се од значење за Општина Карпош.

- Финансиски средства **1.200.000 денари.**

## VII. АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

### А. Музика

**1. Поддршка на интересни музички проекти**

- Поддршка ќе добијат музички групи, поединци, продуценски куќи кои ќе достават проекти до Општина Карпош, а за кои Комисијата за култура при Советот на општината ќе утврди дека се интересни за издавање.
- Сумата со кои ќе бидат подржани е до 30.000 денари.
- Финансиски средства **210.000 денари.**

**2. Поддршка на хорско пеење**

- Поддршката се дава за настапи на хорот на разни настани, одбележување на свечености и манифестации организирани од Општина Карпош. Ќе се изведуваат класични светски песни, македонски народни песни, песни од НОБ, АСНОМ, како и партизански песни.
- Реализатор – Хорско музички ансамб „Борец“ Скопје
- Финансиски средства – 100.000 денари

### Б. Издаваштво / книги

Монографски изданија, културни мапи, литературно творештво, драмски текст.

**1. Проект за изработка на графичка мапи на дванаесет ликовни доајени**

- Проектот е продолжување на успешно реализарианиот проект за издавање на графичка мапа на доајените во Карпош.
- Со оваа мапа покрај неопфатените уметници со првата мапа од Карпош би се опфатиле и значајни автори што живеат во други општини на Македонија.
- Носител и реализатор на проектот за изработка на графички мапи е Асоцијацијата за култура „ИКОН“.
- Финансиски средства 300.000 денари.

**2. Поддршка на проекти од областа на литературата**

- Поддршка ќе добијат литературни проекти кои ќе бидат доставени до Општина Карпош, а за кои Комисијата за култура при Советот на општината ќе утврди дека се интересни за издавање.
- Сумата со кои ќе бидат поддржани е до 30.000 денари.
- Финансиски средства 210.000 денари

<u>В. Филм</u>

**1. Планински филмски фестивал**

- „Ехо од Фестивалот на планински филмови во Банско - Скопје“. Ќе бидат прикажани 15 филмови на различни теми: хималаизам, алпинизам, спортско качување, беизџампинг, биографиски филм, претставување на локалитети. Голем дел од тие филмови се прикажувани и наградувани на многу фестивали и на неколку континенти.
- Реализатор на проектот – Здружение на граѓани „Алпинизам.орг“
- Финансиски средства **100.000 денари.**

<u>Г. Фотографија</u>

- Годишна изложба на фотографии.
- Овој дел од програмата ќе се реализира по пат на јавен конкурс објавен од страна на градоначалникот на Општина Карпош, со рангирање на делата во три категории.
- Ќе бидат доделени I награда, во износ од 30.000,00 денари, II награда, во износ од 20.000,00 денари и III награда, во износ од 10.000,00 денари, а ќе бидат извршени и откупи на 27 фотографии, во износ од по 1.000,00 денари.

- Добитниците на наградите ќе ги утврди надворешно трочлено жири, што го избира Организациониот одбор.
- Организациониот одбор со решение ќе го утврди Градоначалникот на Општина Карпош.
- За работата на надворешните членови на трочлено жири потребни се средства во висина од 18.000,00 денари (по 6.000 денари поединечно за секој член) што ќе биде утврдено со посебно решение донесено од градоначалникот на Општина Карпош.
- Доколку во Организациониот одбор има надворешни членови, надоместокот на нивниот ангажман ќе биде утврден со посебно решение донесено од градоначалникот на Општина Карпош.
- Финансиски средства 200.000 денари.

## Д. Ликовна дејност

### 1. Поддршка и организирање на седум ликовни изложби или ликовни перфоманси

- Ликовните творци за изложбите што ќе ги реализираат со Општина Карпош ќе добијат финансиска поддршка за материјалните трошоци за организирање на изложбите или за ликовни перфоманси во организација на Општина Карпош
- Ликовните изложби претежно би се одржувале во галерискиот простор во Библиотеката „Другарче“ освен ако авторите и Општина Карпош не предложат друго алтернативно место.
- Авторите кои ќе бидат поддржани со по 30.000 денари ќе ги утврди Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, по нивна претходна апликација до комисијата.
- Финансиски средства 210.000 денари.

### 2. Годишна изложба – цртеж/акварел

- Овој дел од програмата ќе се реализира по пат на конкурс со рангирање на делата и наградување, изготвување каталог на изложбата и откуп на акварелите.
- Се воспоставува Гранд при награда наречена по починатиот доајен на македонскиот акварел и истакнат граѓанин на Општина Карпош Тофе Шулајковски.
- Би се доделило Гран При 30.000 денари и десет откупни награди по 10.000денари.
- Наградите ќе ги утврди надворешно трочлено жири, што го избира Организациониот одбор.
- Организациониот одбор со решение ќе го утврди Градоначалникот на Општина Карпош.

- За работата на надворешното трочлено жири следува надоместок по 6.000 денари поединечно за секој член.
- Финансиски средства 200.000 денари.

3. **Дневен ликовен хепенинг**

- Продолжување на традицијата.
- Настанот се одржува традиционално на отворено во ТЦ „Карпош3“ со учество на 10-15 академски сликари.
- Сликите изработени на хепенингот остануваат во сопственост на Општина Карпош.
- Реализатор на проектот – Арт Тајм.
- Финансиски средства 120.000 денари.

4. **Денови на Скулптурата**

- Станува збор за трансформирање на успешниот проект (Скулпторски хепенинг) кој се случи за време на Културно лето Карпош 2010 година на платото кај Кафе „Ли“ Млечен ресторан.
- Би се изработувале скулптури во времетраење од 7 до 10 дена (како би можело да се добијат поквалитетни дела  кои би се поставиле трајно на просторот низ Општина Карпош), во најразлични материјали и техники (дрво, мермер, глина, гипс, метал и др).
- Воедно би се одвивале и трибини со цел на дискутирање за уметноста генерално гледана.
- Уште еден аспект вреден за споменување во проектот на кој би ставиле особен акцент е следниот: со изработката на скулптурите, по нивното завршување би станале сопственост на Општина Карпош, и правото за нивно поставување припаѓа на Општината.
- Реализатор на проектот – Здружение на граѓани „АртГлобал“
- Финансиски средства 500.000 денари.

**<u>Ѓ. Театар</u>**

**1. Организирање на Фестивал на стенд ап комедија „Карпош на нозе”**

- Стоечката комедија или стенд-апот е исклучително популарна форма на забава во западните земји, а особено во САД, каде стенд-ап комичарите уживаат статуси на ѕвезди и уметници. Робин Вилијамс и Бил О’Маер се само мал дел од светски познатите личности кои активно го практикуваат ваквиот тип на уметност.

  Карактеристичниот уметнички израз во живо, преку директната интеракција со публиката, точките кои редовно вклучуваат настани кои се

дел од секојдневието му овозможуваат на стенд-апот практично да нема само една таргетирана публика туку цели апсолутно кон секого.

- На Фестивалот би учествувале најпопуларните стенд ап комичари од Македонија, Словенија, Србија и Хрватска.
- Реализатор – Жарко Димитриоски
- Финансиски средства 120.000 денари.

<u>Е. Меѓународна активност</u>

**1. Промоција на културните активности на Општина Карпош во Лондон, Велика Британија.**

- На покана од ПРО АРТ & КО и Здружение на граѓани МАГ култура и искуство Општина Карпош во јуни, 2012 година ќе ја промовира графичката мапа во Old Chelsea Town Hall Gallery во Лондон.
- Финансиски средства 500.000 денари.

**2. Поддршка на Клубот за дипломати и странци во Република Македонија**

- Целта на проектот е да се овозможи помош на странците и да се одговори на многу прашања со кои можеби тие ќе се соочат за време на нивниот престој во Македонија, како и поддршка и организација на настан чија цел е унапредување на културна и општествена размена помеѓу меѓународната и локалната заедница.
- Предвидени активности:

1. Курсеви за изучување јазици

- Македонски јазик – почетници со Соња Крстевска, професор по македонски јазик
- Македонски јазик – конверзација со Ирена Вуковиќ
- Албански јазик – почетници со Кристина Аврамова – Апсолвент по Албански јазик
- Англиски јазик - конверзација со Дарлеен Кипровис од САД
- Француски јазик – почетници со Гилда Пелтиер од Канада

2. Литературен клуб со Роберт Алаѓозовски, магистер по книжевност, книжевен критичар и писател
3. Јога час со Ирина Георгиева, инструктор по јога
4. Час по уметност со Жанета Гелевска – Велјановска академски сликар
5. Час по готвење/македонска и интернационална кујна, кој се одвива во домовите на организаторите со Кели Стантон од Велика Британија, Ивона Гурин од Србија

6. Клуб на Мајки со деца, кој се одвива во различни игротеки еднаш неделно со Марина Домазетовска
7. Час по накит, како и сектретарска работа со Александра Зиновски Вилиќ
8. Месечни активности: (од 20 до 70 учесници)
- Утринско кафе –еднаш месчно наш домаќин е различна земја/Амбасада со престој во Македонија. Литературен клуб, под покровителство на Амбасадата на Словачка
- Предавање –Моја Македонија со Ида Мантон
- Уметнички изложби,
- Промоција на книги,
- Шромоција на разни специјалитети и продукти од Македонија: македонска ракија, вино, домашни производи.
9. Годишна активност: (до 300 учесници)

   Обележување на интернационален ден на детето, 1 Јуни. На оваа манифестација учество земаат деца од интернационални школи, како и локални училишта.

- Реализатор – „Добредојде“ Macedonia Welcome Centre
- Финансиски средства 500.000 денари.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 16.090.000 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2012 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

Прегледот на потребните финансиски средства за реализација на Програмата е составен дел на оваа Програма.

По завршување на проектите секој реализатор е задолжен до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираниот проект.

## IX. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Карпош културните манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство
- Доделување награди и признанија
- Обезбедување на техничка и друга помош
- Учество на промотивни и протоколарни средби

ПРЕГЛЕД НА ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

| | Културна Манифестација | Финансиски средства |
|---|---|---|
| 1. | Културно лето „Карпош 2012“ | 3.000.000 денари |
| 2. | Трет акварелен симпозиум | 450.000 денари |
| 3. | „Карпошова слава “ | 300.000 денари |
| | Вкупно | 3.750.000 денари |

II. КРЕАТИВНО ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИ И ДЕЦА

| | Културна Манифестација | Финансиски средства |
|---|---|---|
| 1. | Керамичка работилница | 150.000 денари |
| 2. | Графичка работилница | 100.000 денари |
| 3. | Фото работилница | 120.000 денари |
| 4. | Школа за фотошоп и дигитален арт и дизајн | 100.000 денари |
| | Вкупно | 470.000 денари |

## III. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ

| | Културна Манифестација | Финансиски средства |
|---|---|---|
| 1. | Предновогодишни и новогодишни активности | 1.200.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Украсување на општината за новогодишните празници. | 5.000.000 денари |
| | Вкупно | 6.200.000 денари |

## IV. ПОДДРШКА НА ПРОГРАМИ НА КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ И НВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

| | Културна Манифестација | Финансиски средства |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Програмата на МКУД „Цветан Димов “ | 350.000 денари |
| 2. | Поддршка на програмата на АКУД „Мирче Ацев“ | 250.000 денари |
| 3. | Поддршка на програмата на КУД „Каршиака“ | 300.000 денари |
| 4. | Поддршка на активностите на здружението за негување на националните, верските и културните традиции на припадниците на српската националност во Република | 100.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија „Српски културен центар“ – Скопје | |
| 5. | Поддршка на програмата на КУД „Етнос“ | 100.000 денари |
| 6. | Поддршка на други здруженија на граѓани и институции од областа на културата и творештвото | 1.200.000 денари |
| | Вкупно | 2.300.000 денари |

## V. АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

| | Културна Манифестација | Финансиски средства |
|---|---|---|
| А | МУЗИКА | |
| 1. | Поддршка на интересни музички проекти | 210.000 денари |
| 2. | Поддршка на хорско пеење | 100.000 денари |
| Б. | ИЗДАВАШТВО-КНИГИ | |
| 1 | Проект за изработка на графичка мапи на дванаесет ликовни доајени | 300.000 денари |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Поддршка на проекти од областа на литературата | 210.000 денари |
| В. | ФИЛМ | 100.000 денари |
| 1. | Планински филмски фестивал | 100.000 денари |
| Г. | ФОТОГРАФИЈА | 200.000 денари |
| 1. | Фотографија | |
| Д. | ЛИКОВНА УМЕТНОСТ | 210.000 денари |
| 1. | Поддршка и организирање на седум ликовни изложби или ликовни перформанси | |
| 2. | Годишна изложба – цртеж/акварел | 200.000 денари |
| 3. | Дневен ликовен хепенинг | 120.000 денари |
| 4. | Денови на скулптурата | 500.000 денари |
| | Вкупно | 2.150.000 денари |
| Ѓ. | ТЕАТАР | |

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Организирање на Фестивал на стенд ап комедија „Карпош на нозе“** | **120.000 денари** |
| | **Вкупно** | **120.000 денари** |
| Е. | МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ | **500.000 денари** |
| **1** | **Промоција на културни активности на Општина Карпош во странство** | |
| **2.** | **Поддршка на Клубот за дипломати и странци во Република Македонија** | **500.000 денари** |
| | **Вкупно** | **1.100.000 денари** |

| |
|---|
| Вкупно потребни финансиски средства за реализирање на програмата за култура за 2012 година: **16.090.000,00 денари** |

VI Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина карпош", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

07-9497/11
22.12.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за активности на општината од областа на дејноста спорт за 2012 година

1.Се објавува Програмата за активности на општината од областа на дејноста спорт за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/12**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ), Советот на Општина Карпош на на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година ја донесе

## ПРОГРАМА
## за дејноста спорт за 2012 година

I. Цел на програмата:

- Програмата за спорт ќе го опфати рекреативниот спорт кој ќе има за цел да пропагира и промовира разновидни спортско-рекреативни содржини кои се наменети за ученици, деца, млади и жители на Општина Карпош.

- Посебно внимание ќе биде посветено на масовниот спорт со вежби и активности од забавно - рекреативен карактер.

- Програмата има за цел се она што е од заеднички интерес во сегменти на рекреативниот спорт, да го обедини, координира и по можност да го усоврши, односно да го постави на повисоко ниво.

- Младите своето слободно време ќе го користат во реализација на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

- Поголемиот дел од Програмата за спорт ќе се реализира од страна на Општината Карпош, а во некои активности општината ќе се јави како покровител и подржувач.

- Оваа програма исто така има за цел да го промовира и поттикнува масовното вклучување на младите, да го подигнува натпреварувачкиот дух и поттикнува фер игра.

II. Критериуми за доделување на финансиска помош:

- Спортските клубови и здруженијата на граѓани да се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош најмалку две години;

- Спортистите да се граѓани на РМ и жители на подрачјето на Општината Карпош;

- Спортските клубови и здруженијата на граѓани да имат годишна програма за работа на истите;
- На секој субјект што ќе му бидат одобрени финансиските средства од страна на општината, треба да поднесе доказ за обезбедени средства за дел од истиот проектот;
- Општината преку Одделението за спорт и органите и телата на советот да го прати секој проект во неговата имплементацијата, а воедно и да ги процени краткорочните, а особено долгорочните ефекти од истиот.

## III. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

### 1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ

Спортските игри Карпош 2012 година традиционално се организираат под покровителство и организација на Општина Карпош. Оваа година се предвидува на натпреварите да учествуваат околу 450 натпреварувачи од основните училишта од Општина Карпош во дисциплините: мал фудбал, кошарка, одбојка, шах.... Во реализацијата на спортските игри ќе бидат вклучени ученици, наставници и професори, судии и делегати од спортските федерации, медицинско лице и полиција.

### 2. ПРОЛЕТЕН КРОС - Карпош 2012

Општина Карпош ќе организира пролетен крос со ученици од основните училишта од 1-9 одделение од територија на Општина Карпош. Учениците ќе се натпреваруваат пооделно по оделенија и пооделно ученици и ученички. За најдобрите општината ќе обезбеди награди: медаљи, пехари, дипломи, а за сите учесници спортски маици.

### 3. МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ ПОЕДИНЦИ ВО СВЕРАТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Ќе ги опфати сите активни талентирани спортисти од територија на Општина Карпош, кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен така и на меѓународен план.

### 4. МАТЕРИЈАЛНА ПОДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Ќе ги опфати сите активни спортски клубови од територија на Општина Карпош, кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен така и на меѓународен план.

## 5. ПОДДРШКА И ПОМОШ НА ДРУГИ СПОРТИСТИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ТУРНИРИ И ПРОЕКТИ ОД СПОРТОТ

## 6. ПЕНЗИОНЕРСКИ ДРУШТВЕНО, ЗАБАВНИ, ТРАДИЦИОНАЛНИ МАЛСКИ ИГРИ ОД НАЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР

Под покровителство на Општина Карпош ќе се организираат пензионерски натпреварувања во разни традиционално национални рекреативни игри како што се: брзо одење, пикадо, табла, домино, шах, влечење јаже, скок од место, фрлање ѓуле и други друштвени игри.

## 7. ШАХОВСКИ ДОМАШЕН (аматерски - денови на општина), БОЖИЌЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР КАРПОШ ОПЕН 2012

Општина Карпош ќе организира три шаховски турнири. Еден домашен аматерски - денови на општина, божиќен и меѓународен професионален турнир, на кој ќе бидат поканети шаховски велемајстори од други земји од Европа и светот.

## 8. МАКЕДОНСКИОТ ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ СО ОПШТИНИТЕ КАРПОШ, ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, КИСЕЛА ВОДА И ЧАИР ВО ОРГАНИЗАЦИЈА МАЛИ ОЛИПИСКИ ИГРИ 2012

По повод прославата за 20 години од формирањето на Македонскиот олимписки комитет на која ќе присуствува и претседателот на Интернационалниот Олимписки Комитет г-дин Д-р Жак Рог, ќе се организират училишни олимписки игри во повеќе спортови и секоја Општина е задолжена да организира по некој спорт: Општина Карпош (кошарка), Општина Кисела Вода (одбојка), Општина Ѓорче Петров (ракомет) и Општина Чаир (фудбал).

## 9. ТУРНИР ВО КОШАРКА 2012 ЗА СРЕДНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Спортска опрема за ученици –натпреварувачи, изнајмување на спортска сала, организациони технички трошоци, рекламно пропаганден материал (маици, капи, удирачки реквизити, балони) водители, медицинско лице, итна медицинска помош, освежување, награди

**10. МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ЕКСТРЕМЕН СПОРТ – SKATE**

Општината Карпош ќе организира меѓународен натпревар во екстремен спорт (скејтерство на кејот на реката Вардар на објектот за таа намена). Се предвидува дека во делот на екстремните спортови, како што е скејтот, бајкертсвото и ролерството се исклучително популарни кај младите,а со тоа се предвидува дека самиот натпревар ќе привлече лица и од останатите балкански соседни држави па и пошироко. Во овој дел од спортските активности Општината Карпош ќе промовира но притоа и ќе подржува млада популација која ќе ги покаже своите спортски квалитети и во ваквиот вид на спортови. Општината Карпош ќе обезбеди за таа намена медали, пехари, дипломи, спортски маици, како и останати реквизити за сите учесници, но и за оние кои тоа ќе го следат.

# IV. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

| АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ | ОРГАНИЗАТОР ПОКРОВИТЕЛ | ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ | РЕСУРСИ ТРОШОЦИ |
|---|---|---|---|---|
| **1. Училишни спортски игри Карпош и ревијален кошаркарски натпревар ALL STAR-кошарка и ALL STAR-фудбал** | Од Јануари до Јуни и од Септември до Декември 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Натпреварувачка атмосфера Дружење и забава Јакнење на менталното и физичкото здравје Спортско однесување на учениците-навивачи, за фер навивање на спортските терени Ученици од | Сектор за дејности од јавен интерес, Оделение за спорт и култура, Свечено отварање на игрите, Автобуски превоз, Хонорари за судии, делегати, наставници, Спортска опрема за ученици - натпреварувачи, Доделување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | основните училишта на територија на Општина Карпош Популаризациј а | на вкупно 400 топки (по 40 на училиште за фудбал, кошарка, ракомет и одбојка) на сите училишта од Општина Карпош, Изнајмување на спортска сала, Организацион и технички трошоци, Рекламно пропаганден материал (маици, капи, удирачки реквизити, балони), водители, Медицинско лице, Итна медицинска помош Освежување Награди Затварање на спортските игри<br><br>*4.500.000,00 денари* |
| **2. Пролетен крос Карпош 2012** | Април - Мај 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Ученици од | Сектор за дејности од јавен интерес |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | основните училишта на територија на Општина Карпош Рекреација Натпреварувачка атмосфера Дружење, забава Популаризација | Одделение за спорт и култура Наставници од основните училишта Итна медицинска помош Разглас Освежување 500-1000 спортски маици Награди Дипломи Медаљи Пехари Организационо технички трошоци<br><br>*300.000,00 денари* |
| **3. Материјална подршка на спортисти поединци во сверата на спортот од Општина Карпош** | Десет месечни стипендии 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Афирмација на активни, млади и талентирани спортисти од Општина Карпош Популаризација | Сектор за дејности од јавен интерес Оделение за спорт и култура<br><br>*2.500.000,00 денари* |
| **4. Материјална подршка на спортски** | Еднократна парична помош, 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Афирмација на спортски клубови од | Сектор за дејности од јавен интерес Оделение за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **клубови од Општина Карпош** | | | Општина Карпош Популаризациј а | спорт и култура<br><br>*3.800.000,00 денари* |
| **5. Подршка и помош на други спортисти, спортски клубови, спортски институции, турнири и проекти од спортот** | Континуиран о преку цела 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Промовирање на Општина Карпош и популаризација на спортот | Сектор за дејности од јавен интерес Одделение за спорт и култура Промовиање Потпомагање на спортисти и спортски тимови<br><br>*1.200.000,00 денари* |
| **6. Пензионерски друштвено, забавни, традиционални и малски игри од национален карактер** | Мај 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Промовирање на Општина Карпош и анимирање на пензионерската популација | Сектор за дејности од јавен интерес Оделение за спорт и култура Награден фонд Организациони о технички трошоци и рекламен материјал Медицинско лице Разглас Поставување времени објекти (шатори, ТОИ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ТОИ и друго)<br><br>*1.000.000,00 денари* |
| **7. Шаховски домашен (аматерски-денови на општина), божиќен и меѓународен професионален турнир Карпош опен 2012** | Јануари, Ноември, 2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Промовирање на Општина Карпош и популаризација на шахот | Сектор за дејности од јавен интерес Оделение за спорт и култура Изнајмување простор за натпреварите Судии Награди Шаховски реквизити Озвучување Хотелско сместување на шахисти кои како гости од другите земји ќе земат учество на меѓународниот турнир<br><br>*2.070.000,00 денари* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8. Македонскиот олимписки комитет со општините Карпош, Ѓорче Петров, Кисела Вода и Чаир во организација мали олиписки игри 2012** | Март<br>Април<br>2012 година | ОПШТИНА КАРПОШ | Промовирање на Општина Карпош | Сектор за дејности од јавен интерес Оделение за спорт и култура<br>Свечено отварање на игрите<br>Автобуски превоз<br>Хонорари за судии, делегате, наставници<br>Спортска опрема за ученици - натпреварувачи<br>Изнајмување на спортска сала<br>Организациони технички трошоци<br>Рекламно пропаганден материал (маици, капи, удирачки реквизити, балони)<br>Медицинско лице<br>Итна медицинска помош<br>Освежување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | *350.000,00 денари* |
| **9. Турнир во кошарка 2012 за средни училишта на територија на Општина Карпош** | Јануар Јуни 2012 година | Општина Карпош | Промовирање на Општина Карпош | Сектор за дејности од јавен интерес Оделение за спорт и култура Свечено отварање на игрите Автобуски превоз Хонорари за судии, делегати, наставници Спортска опрема за ученици - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | натпреварувачи<br>Изнајмување на спортска сала<br>Организациони технички трошоци<br>Рекламно пропаганден материјал (маици, капи, удирачки реквизити, балони)<br>водители<br>Медицинско лице<br>Итна медицинска помош<br>Освежување<br>Награди<br>Затварање на спортските игри<br><br>*800.000,00 денари* |
| **10. Меѓународен турнир во екстремен спорт - SKATE** | Април-Јуни 2012 год. | Општина Карпош | Промовирање на Општина Карпош во делот на екстремните спортови и нивна популаризација | Сектор за дејности од јавен интерес, Одделение за спорт<br>Ангажирање судии за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | натпреварот, обезбедување награди, хотелско сместување на дел од учесниците како и сместување на гостите учесници од земји надвор од границите на РМ, рекламен материјал (маици, капи) презентација преку паноа и билборди, обезбедување бина, водител и учесници во забавниот дел за време на турнирот, медицинско лице, итна медицинска помош, освежување (вода и сокови)<br><br>*800.000 ден*ари |

# V. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

## 1. МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ЈОВАН МИНОВСКИ-ЈОЗО

Меморијалниот турнир во мал фудбал што го организира Здружение на граѓани Меморијален турнир во мал фудбал Јован Миновски - Јозо од Скопје.

## 2. МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ СОКОЛ

Меморијалниот турнир во мал фудбал „СОКОЛ” што го организира Здружение на граѓани ФК КФЦ.

## 3. SREET BALL - БАСКЕТ ТУРНИР

Турнир во баскет организиран од страна на Карпош Соколи 2000. На турнирот учество ќе земат екипи на медиуми, државни институции, фирми, спортисти, студенти и сите заинтересирани граѓани над 18 годишна возраст со одредена котизација. За најуспешните екипи ќе се обезбеди награди. Натпреварите се планираат да бидат организирани на три спортски локации на територија на Општина Карпош.

## 4. ВЛАЈКО КУП - ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ

Здружението на граѓани Влајко втора година по ред ќе го организира Влајко куп. Награден фонд, освежување, судии, обезбедување, плакати, флаери,медицинско лице, припрема на спортски терен, организациони технички трошоци, рекламен материјал, разглас, итна помош

# VI. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

| АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ И МЕСТО | ОРГАНИЗАТОР ПОКРОВИТЕЛ | ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ | РЕСУРСИ ТРОШОЦИ |
|---|---|---|---|---|
| **1. Меморијален турнир “ЈОЗО”** | Пролет, 2012 година, спортки терен СУГС Гимназија Лазар Танев | Здружение на граѓани Меморијален турнир во мал фудбал Јован Миновски - Јозо од Скопје<br><br>ОПШТИНА КАРПОШ | Одавање почит и одбележување на годишнината | Обезбедување стру<br>Партерно уредуван<br>Разглас, медицинск лице, плакати, флаери, пијалоци, судии од Фудбалската федерација на Македонија<br>Награден фонд<br><br>*150.000,00 денари* |
| **2. 15 меѓународен Меморијален турнир “СОКОЛ”** | Септември, Октомври, 2012 година, Спортски терен О.У. Х.Т. Карпош | Здружение на граѓани ФК КФЦ<br><br>ОПШТИНА КАРПОШ | Оддавање почит и одбележување на годишнината | Награден фонд<br>Организационо технички трошоци рекламен материја<br>Медицинско лице<br>Разглас<br>Поставување времени објекти (шатори, ТОИ ТОИ и друго)<br>Коктел за дипломатски кор<br>Поканување естрадни звезди и фудбалски легенди<br>Агенција за обезбедување, на отварањето и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | затварањето на турнирот, Огномет<br><br>*650.000,00 денари* |
| **3. STREET BALL Баскет Турнир** | Мај-Јуни, 2012 година | КК Карпош Соколи 2000<br><br>ОПШТИНА КАРПОШ | Турнир Натпреварувачка атмосфера Забава, дружење Популаризација на кошарката | Награден фонд Освежување Судии Обезбедување Плакати, флаери Медицинско лице Припрема на спортски терен, изнајмување на спортски терен Организациони технички трошоци Рекламен материјал Разглас Итна помош<br><br>*300.000,00 денари* |
| **4. Влајко куп** | Март Април 2012 година | Здружение на граѓани Влајко<br><br>ОПШТИНА КАРПОШ | Промовирање на Општина Карпош и популаризација на малиот фудбал | Награден фонд, Освежување, Судии, Обезбедување, Плакати, флаери, Медицинско лице, Припрема на спортски терен, Организациони технички трошоци, Рекламен материјал Разглас, Итна помош<br><br>*120.000,00 денари* |

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 18.540.00,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2011 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Комисијата за култура на Советот на Општина Карпош, Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош, Комисија за јавни дејности (бразование, детска и социјална заштита), Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општината

По завршување на проектите секој реализатор е должен до советот на Општината да достави извештај за реализираниот проект.

## VIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1.1.2012 година.

07-9497/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за заштита на потрошувачите за 2012 година

1.Се објавува Програмата за заштита на потрошувачите за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/13** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.12.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на одредбите од член 126, став 4 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2004, 77/2007 и 103/2008) на предлог на Советот за заштита на потрошувачите, Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седницата одржана на 22 декември 2011 година ја донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
## НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2012 ГОДИНА

### I ВОВЕД

Заштитата на потрошувачите во современите развиени демократски општества е препознаена како едно од правата во корпусот на права на човекот и граѓанинот и како такво се вбројува во правата со највисок приоритет кои секоја држава е должна да ги заштитува низ правниот систем и соодветните политики.

Со заложбите за приклучување кон Евроатланските интеграции, следејќи ги одредбите на Договорот за стабилизација и асоцијација и статусот на земја кандидат, Република Македонија транспонираше во своето законодавство цела низа директиви и препораки, што резултираше со донесувањето на првиот Закон на заштита на потрошувачи во 2000 година и креирањето на првата конзистентна национална политика во 2006 година. Донесени се Програми за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија за 2007/2008, 2009/2010 година и 2011/2012 година.

Потребата од креирање на локални потрошувачки политики се должи првенствено на процесот на децентрализација кој зафати подрачја кои се од исклучителна важност за процесот на заштита на потрошувачите како: образованието, здравството, локалните пазари, социјалата и слично, кои заедно со комуналните услуги кои традиционално се даваат на локално ниво, претставуваат значителен корпус на прашања од интерес на граѓаните-потрошувачи.

Со донесувањето на оваа Програма, Советот на Општина Карпош дава свој придонес во остварувањето на таканаречените

## ОСУМ ОСНОВНИ ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ

1. Право на задоволување - расположивост на основните потреби за стоки и услуги на територијата на Општината;
2. Право на безбедни стоки и услуги кои се нудат на пазарот;
3. Право на информираност за прашања од интерес на потрошувачите;
4. Остварување на правото на избор, преку развој на малопродажната мрежа на територијата на општината;
5. Право (можност) да се чуе гласот на потрошувачите;
6. Право на обештетување на потрошувачите кога нивните економски интереси се загрозени;
7. Право на образование на потрошувачите и
8. Право на здрава животна средина.

Со оваа Програма се задолжуваат сите органи, тела, установи и други организации и институции кои делуваат на територијата на општина Карпош во извршувањето на нивната дејност да ги почитуваат аспектите за заштита на потрошувачите утврдени со правната рамка, Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија и оваа Програма.

## II ПРАВНА РАМКА

Анализата покачува дека во најголема мерка регулативата на Европската унија е транспонирана во нашето законодавство и во моментов во правниот систем на Република Македонија во важност се следните закони кои директно регулираат подрачја од интерес за зашита на потрошувачите :

- Закон за заштита на потрошувачите
- Закон за безбедност на производите
- Закон за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната
- Закон за заштита на потрошувачите при потрошувачки кредити
- Закон за заштита на пациентите

Покрај овие, чисто потрошувачки закони, одредби од овој домен може да се најдат и во цела низа други закони и подзаконски акти, како што се Законот за облигациони односи, Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска

дејност, Законот за здравствено осигурување, Законот за здравствена заштита,Законот за лекови, Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за електронски комуникации, Законот за домување и слично.

III ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата за заштита на потрошувачите на Општина Карпош е сензибилизирање на јавноста за заштитата на потрошувачите и подигање на нивото на заштитата на потрошувачите во Општина Карпош во наредната година.

IV ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во периодот од 1.1.2012 до 31.12.2012 година во рамките на оваа Програма ќе бидат реализирани следните активности:

- Јакнење на институционалната рамка и воспоставување соработка и координација помеѓу субјектите релевантни за заштита на потрошувачите, со посебен аспект на државните инспекциски органи за спроведување на пазарниот надзор (континуирано);
- Активности за следење на состојбите на локалниот пазар од интерес на потрошувачите и нивно информирање (континуирано);
- Подигање на свеста на потрошувачите по однос на нивните права и улогата во пазарната економија (континуирано);
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите во доменот на потрошувачкото право;
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите во доменот на потрошувачките политики;
- Пригодно одбележување на 15-март, светскиот ден на потрошувачите;
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за права на пациентите;
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за потрошувачки кредити;
- Информирање на граѓаните за новините во Законот за градба;
- Организирање на воспитно-образовни активности и отворени часови за различни аспекти на заштитата на потрошувачите во училиштата на територијата на општината;
- Соработка со Советот за заштита на потрошувачи на Владата на Република Македонија и координирање на активностите (континуирано);
- Соработка со Организацијата на потрошувачи на Македонија (ОПМ);
- Други активности од локално значење кои ќе произлезат во меѓувреме, доколку тоа го налага актуелниот момент, односно потребите.

V РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Во имплементација на Програмата ќе се вклучат сите општински служби, јавни установи, јавните претпријатија, потрошувачки и сродни здруженија на граѓани и инспекциските органи кои делуваат во општината во рамките на нивните надлежности и мисија.

Во периодот опфатен со Програмата, Советот за заштита на потрошувачите на општината тесно ќе соработува и ќе ги координира активностите со Советот за заштита на потрошувачи на Владата на Република Македонија и со Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Во процесот на имплементација на Програмата, Советот за заштита на потрошувачите ќе остварува најтесна можна соработка со локалните медиуми, како и со Одделението за односи со јавност при Општина Карпош со цел да се информира и сензибилизира јавноста за Програмата и активностите кои се преземаат.

Имплементацијата на оваа Програма ќе ја следи Советот за заштита на потрошувачи на општината. Претседателот на Советот за процесот на реализација на Програмата тековно ќе го информира Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, а во текот на декември од секоја тековна година ќе поднесува и годишен извештај пред Советот на општината.

VI ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на оваа Програма ќе се врши со средства од Буџетот на Општината, од донации и спонзорства, како и од вклучување на Општината во проекти од овој домен финансирани од претпристапните фондови на ЕУ и од други донатори.

Вкупно предвидени средства: 300.000,00 денари.

Предвидените средства ќе се исплатуваат на членовите на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Крпош, за нивното учество во планираните активности.

VII Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

07-9497/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
22.12.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија во 2012 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија во 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/14**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седница, одржана на 22 декември 2011 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2012 година

### I. Развојни приоритети и цели

Програмата за развој на ИТ (информатичката технологија) во Општина Карпош во текот на 2012 година е во согласност со Стратегијата за развој на ИТ 2011 – 2013 и ќе биде насочена кон повеќе области на делување:

- Доопремување и обновување на хардвер
- Одржување и обновување на софтвер
- Снабдување со потребните просторни податоци за ГИС
- Имплементација на ИСО 9001 и воведување на ИСО 27001 во сите елктронски процедури
- Континуирани обуки на стручниот кадар
- Развој на повеќе информатички услуги и интеграција со постојните ИТ системи за да се обезбеди осовременување на работата администрацијата
- Обезбедување на електронска комуникација со граѓаните.

### II. Проектни активности

| 1. | АКТИВИРАЊЕ НА СТАРИ И НАБАВКА НА НОВИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИСИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Сите документи кои се издаваат во Општината ќе се потпишуваат од одговорните вработени по електронски пат и истите ќе бидат полноважни. Треба да се набават вкупно 35 дигитални потписи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Помалку користење на хартија и побрз проток на документи во Општината. |
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно и транспарентно потпишување на службената документација. |
| **Целна група:** | Раководители и помошници раководители на сите |

| | |
|---|---|
| | Сектори, Овластени инспектори, Претседател на Совет, Секретар и Градоначалник на Општината. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 70.000, 00 ден |
| **Предуслови и ризици:** | Секое одговорно лице треба лично да си ги подигне сертификатите од куќата која ги издава. Ризикот е одговорноста на носителот на сертификатот и правилната негова употреба. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Вработените во ИТ секторот ќе помогнат при инсталирање на дигиталните потписи на службените компјутери и по потреба истите ќе ги вградат во апликација. |

| 2. | ИЗРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ВЕБ ПОРТАЛ ЗА ГРАЃАНИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Поставување на нови начини на комуникација граѓанин – Општина преку поставување сервер со поратл за секој жител на Карпош.<br>Поднесување на сите документи што електронски би се издавале од Општината. |
| **Стратешки насоки и цели:** | 24 часовен пристап до податоци и документи на граѓаните што се обработуваат во Општината со пристап преку веб со помош на корисничко име и лозинка. |
| **Очекувани резултати:** | Побрза информација и поефтина комуникација при известување на граѓаните. |
| **Целна група:** | Сите граѓани од територијата на Општина Карпош кои преку своите домашни компјутери или преку компјутерите во Месните Заедници користејќи едноставен интернет пристап ќе се врзуваат на ВЕБ ПОРТАЛОТ во Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 350.000,00 ден |
| **Предуслови и ризици:** | Граѓаните треба да се опремени со принтери и скенери или да користат опрема што би се поставила во најблиските месни заедници.<br>Ризици постојат од недоволна презентација и запознавање на корисниците со начинот на функционирање. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Изведувач треба да биде програмерска куќа, а обучувачи вработени во ИТ заедно со избраната програмерска куќа. |

| 3. | ПОСТАВУВАЊЕ АПЛИКАЦИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ДОГОВОРИ ПО СИТУАЦИИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Набавка за софтвер за детално следење на договори за инфраструктура проследени по ситуации. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на работата на Секторот за Уредување на градежно земјиште и комунални работи и усовршување на електронските апликации. |
| **Очекувани резултати:** | Побрзо и поефикасно следење на сите фази од реализација на поголеми и подолготрајни изведби на секаков тип инфраструктурни објекти. |
| **Целна група:** | Секторот за Уредување на градежно земјиште и комунални работи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 ден |
| **Предуслови и ризици:** | Поголема ажурност при внесување на договорите во понудената апликација. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Потребни се едно до две лица за ефикасно користење на апликацијата од наведениот сектор. |

| 4. | НАБАВКА НА АПЛИКАЦИЈА ЗА МАГАЦИНСКО РАБОТЕЊЕ И ПОПИС НА ИНВЕНТАР |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Подобрување на веќе постоечката апликација во финансии со можности за поспецифицирана поделба на материјалите и средствата и нивното место и набавка на уреди за електронски попис со баркод читач со кој ќе се избегне дуплирано внесување и запишување на податоците. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Побрзо и поточно изведување на попис на целиот општински инвентар вклучувајки и елементи на урбана опрема на целата територија на Карпош и олеснето и поспецифицирано магацинско работење. |
| **Очекувани резултати:** | Имање лесно читлив и употреблив матерјал за евиденција и изготвување извештаи за секој извршен попис кој би користел многу помалку човечки ресурси и хартија. |
| **Целна група:** | Одеделение за финансово и материјално работење и магацин. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 ден |
| **Предуслови и ризици:** | Набавка на солидни електронски уреди за попис и добра интеракција со постоечката и надградена |

| | |
|---|---|
| | апликација. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Вработени во Сектор за Финансии во соработка со ИТ и програмерската куќа што ја изготвува или надоградува веќе постоечката апликација за финансово и материјално работење. |

| 5. | НАБАВКА НА ПРИНТЕРИ И СКЕНЕРИ ЗА УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Опремување на Урбаните и Месни Заедници со принтери и скенери, обука за користење на истите и обука за помош на граѓаните при користење на Општинскиот веб портал и гис прегледник. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Опремување и обучување на Урбаните заедници со цел приближување на Општината до местото на живеење на секој граѓанин. |
| **Очекувани резултати:** | Поголемо задоволство на граѓанинот од понудените услуги. |
| **Целна група:** | Урбани и месни заедници |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 ден |
| **Предуслови и ризици:** | Потребно е кадарот во Урбаните заедници да се усоврши во користење на напредната ИТ технологија, за која добија веќе почетни обуки и ќе се изведат дополнителни обуки. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Зависно од големината на Урбаната заедница и бројот на граѓани на таа територија, можеби ќе треба доекипирање со кадар. Обуките ќе се изведуваат од страна на ИТ секторот зависно од увидената потреба. |

| 6. | ДОПОЛНИТЕЛНИ ОБУКИ ЗА УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗАРАДИ ПОМОШ НА ГРАЃАНИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ВЕБ ПОРТАЛОТ ЗА ГРАЃАНИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Обезбедување обука со секоја урбана заедница . |
| **Стратешки насоки и цели:** | Опремување и обучување на Урбаните заедници со цел приближување на Општината до местото на живеење на секој граѓанин. |
| **Очекувани резултати:** | Во првата половина од годината резултатите не се очекува да се големи, но доволни за отпочнување на овој процес, додека во втората половина се очекува превземање на дел од обврските на општината кон граѓанинот. |
| **Целна група:** | Вработени во Урбаните и Месните заедници |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | 280.000,00 денари доколку обуките ги врши фирмата изготвувач на граѓанскиот портал. |
| **Предуслови и ризици:** | Потребно е кадарот во Урбаните заедници да се усоврши во користење на напредната ИТ технологија, за која добија веќе почетни обуки и ќе се изведат дополнителни обуки. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Зависно од големината на Урбаната заедница и бројот на граѓани на таа територија, можеби ќе треба доекипирање со кадар. Обуките ќе се изведуваат зависно од увидената потреба. |

| 7. | ПРОШИРУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМОТ ВО СИТЕ СЕКТОРИ ВО ОПШТИНА КАРПОШ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ова е една многу обемна активност која вклучува инволвирање на сите сектори, нивни Раководители и Помошници како и комуникација со скоро секој вработен во општинаската администрација. Оттука активностите треба да започнат во јануари со интензивна анализа на процесите и потребите на секој сектор како и зависните меѓусекторски активности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Комплетно дигтализирање и електронизирање на општината како и подобро следење на процедурите со кои сме се обврзале и според ИСО стандардите. |
| **Очекувани резултати:** | Резултатите ќе бидат многукратни, како од аспект на работата на секој вработен, така и од аспект на менаџерски извештаи и следливост на работата. Придобивките идиректно ќе се пресликаат и во подобрување на услугите кон граѓаните. |
| **Целна група:** | Сите вработени во Карпош кои се вклучени во електронскиот систем. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.600.000,00 ден |
| **Предуслови и ризици:** | Потребна е голема соработка со сите сектори и правење база на тековни документи кои ќе се користат при менаџирање на системот. |
| **Потребни човечки ресурси и стручни кадри:** | Покрај вработените во ИТ секторот, активно ќе треба да се вклучи по еден вработен од секој сектор, задолжен од Раководителот на Секторот, како и да се организираат 10дневни обуки за вработените во секој сектор, што ќе се бара од фирмата изведувач на овој софтвер. |

| 8. | НАБАВКА И ИНСТАЛИРАЊЕ НА НОВИ СЕРВЕРИ ЗА СТАРА И НОВА ОПШТИНСКА ЗГРАДА |
|---|---|
| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | БУЏЕТ 2012 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **V1** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | **159.598.000** | **4.150.000** | **37.502.000** | **0** | **92.448.000** | **0** | **134.100.000** |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | 159.598.000 | 4.150.000 | 37.502.000 | 0 | 92.448.000 | 0 | 134.100.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **69.136.000** | **0** | **0** | **0** | **67.462.000** | **0** | **67.462.000** |
| 401 | Основни плати | | 49.979.000 | 0 | 0 | 0 | 49.228.000 | 0 | 49.228.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | | 19.157.000 | 0 | 0 | 0 | 18.234.000 | 0 | 18.234.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **67.709.000** | **4.150.000** | **34.650.000** | **0** | **22.528.000** | **0** | **61.328.000** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 400.000 | 0 | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 360.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 21.240.000 | 150.000 | 3.952.000 | 0 | 12.447.000 | 0 | 16.549.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | | 28.562.000 | 1.000.000 | 26.890.000 | 0 | 1.805.000 | 0 | 29.695.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 11.669.000 | 3.000.000 | 2.340.000 | 0 | 3.837.000 | 0 | 9.177.000 |
| 425 | Договорни услуги | | 4.698.000 | 0 | 568.000 | 0 | 4.204.000 | 0 | 4.772.000 |
| 426 | Други тековни расходи | | 1.140.000 | 0 | 490.000 | 0 | 235.000 | 0 | 725.000 |
| 427 | Привремени вработувања | | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **105.000** | **0** | **22.000** | **0** | **0** | **0** | **22.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | 25.000 | 0 | 22.000 | 0 | 0 | 0 | 22.000 |
| 464 | Разни трансфери | | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 471 | Социјални надоместоци | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **22.638.000** | **0** | **2.830.000** | **0** | **2.458.000** | **0** | **5.288.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 2.443.000 | 0 | 1.710.000 | 0 | 968.000 | 0 | 2.678.000 |
| 482 | Други градежни објекти | | 19.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | | 1.195.000 | 0 | 1.120.000 | 0 | 870.000 | 0 | 1.990.000 |
| 486 | Купување на возила | | 0 | 0 | 0 | 0 | 620.000 | 0 | 620.000 |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | 159.598.000 | 4.150.000 | 37.502.000 | 0 | 92.448.000 | 0 | 134.100.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **69.136.000** | **0** | **0** | **0** | **67.462.000** | **0** | **67.462.000** |
| 401 | Основни плати | | 49.979.000 | 0 | 0 | 0 | 49.228.000 | 0 | 49.228.000 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | | 47.104.000 | 0 | 0 | 0 | 46.446.000 | 0 | 46.446.000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 2.875.000 | 0 | 0 | 0 | 2.782.000 | 0 | 2.782.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | | 19.157.000 | 0 | 0 | 0 | 18.234.000 | 0 | 18.234.000 |

| Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | 2010<br>Завршна сметка | 2011<br>Предходен буџет | БУЏЕТ 2012<br>Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 402110 Основни придонеси за ПИО | | 12.784.000 | 0 | 0 | 0 | 12.156.000 | 0 | 12.156.000 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | | 5.143.000 | 0 | 0 | 0 | 4.930.000 | 0 | 4.930.000 |
| 402220 Основен придонес за професионално заболување | | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 482.000 | 0 | 482.000 |
| 402310 Основни продонеси до Агенцијата за вработување | | 880.000 | 0 | 0 | 0 | 666.000 | 0 | 666.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | | **67.709.000** | **4.150.000** | **34.650.000** | **0** | **22.528.000** | **0** | **61.328.000** |
| 420 Патни и дневни расходи | | 400.000 | 0 | 360.000 | 0 | 0 | 0 | 360.000 |
| 420110 Патување во земјата - хранарина (дневница) | | 55.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420120 Патување во земјата - патни расходи | | 50.000 | 0 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| 420130 Патување во земјата - сместување | | 155.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 420140 Патување во земјата - споредни расходи | | 50.000 | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 90.000 |
| 420210 Патување во странство - хранарина (дневница) | | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420220 Патување во странство - патни расходи | | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420230 Патување во странство - сместување | | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 21.240.000 | 150.000 | 3.952.000 | 0 | 12.447.000 | 0 | 16.549.000 |
| 421110 Електрична енергија | | 1.600.000 | 0 | 1.156.000 | 0 | 1.170.000 | 0 | 2.326.000 |
| 421120 Водовод и канализација | | 1.373.000 | 0 | 790.000 | 0 | 640.000 | 0 | 1.430.000 |
| 421130 Ѓубретарина | | 757.000 | 0 | 654.000 | 0 | 780.000 | 0 | 1.434.000 |
| 421190 Други комунални такси и услуги | | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421210 Централно греење | | 13.645.000 | 0 | 25.000 | 0 | 8.465.000 | 0 | 8.490.000 |
| 421240 Течни горива | | 1.906.000 | 0 | 280.000 | 0 | 800.000 | 0 | 1.080.000 |
| 421310 Пошта | | 15.000 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 15.000 |
| 421320 Телефон и телефакс | | 760.000 | 0 | 465.000 | 0 | 320.000 | 0 | 785.000 |
| 421390 Други трошоци за комуникација | | 82.000 | 0 | 12.000 | 0 | 12.000 | 0 | 24.000 |
| 421410 Горива и масла (моторни возила) | | 505.000 | 0 | 435.000 | 0 | 100.000 | 0 | 535.000 |
| 421420 Регистрација на моторни возила | | 167.000 | 0 | 120.000 | 0 | 100.000 | 0 | 220.000 |
| 421440 Транспорт на луѓе | | 380.000 | 150.000 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 210.000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | | 28.562.000 | 1.000.000 | 26.890.000 | 0 | 1.805.000 | 0 | 29.695.000 |
| 423110 Канцелариски материјали | | 675.000 | 0 | 630.000 | 0 | 170.000 | 0 | 800.000 |
| 423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | | 400.000 | 0 | 260.000 | 0 | 80.000 | 0 | 340.000 |
| 423190 Други административни материјали | | 41.000 | 0 | 30.000 | 0 | 5.000 | 0 | 35.000 |
| 423210 Материјали за АОП | | 10.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 423310 Униформи | | 678.000 | 0 | 280.000 | 0 | 150.000 | 0 | 430.000 |
| 423320 Обувки | | 400.000 | 0 | 250.000 | 0 | 120.000 | 0 | 370.000 |
| 423330 Постелнина | | 395.000 | 0 | 300.000 | 0 | 80.000 | 0 | 380.000 |

| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2012 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | | 20.845.000 | 0 | 21.650.000 | 0 | 0 | 0 | 21.650.000 |
| 423510 Лекови | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423550 Санитетски материјали | | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423590 Други медицински материјали | | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | | 369.000 | 0 | 130.000 | 0 | 80.000 | 0 | 210.000 |
| 423620 Училишни материјали | | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | | 2.314.000 | 1.000.000 | 1.060.000 | 0 | 150.000 | 0 | 2.210.000 |
| 423720 Материјали за разни поправки | | 550.000 | 0 | 410.000 | 0 | 170.000 | 0 | 580.000 |
| 423810 Ситен инвентар | | 410.000 | 0 | 640.000 | 0 | 450.000 | 0 | 1.090.000 |
| 423830 Резервни делови | | 60.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 423910 Други материјали за специјална намена | | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 30.000 | 0 | 180.000 |
| 423990 Други материјали | | 1.370.000 | 0 | 1.010.000 | 0 | 320.000 | 0 | 1.330.000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | | 11.669.000 | 3.000.000 | 2.340.000 | 0 | 3.837.000 | 0 | 9.177.000 |
| 424110 Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | | 325.000 | 0 | 190.000 | 0 | 205.000 | 0 | 395.000 |
| 424210 Одржување на згради | | 8.700.000 | 3.000.000 | 910.000 | 0 | 2.136.000 | 0 | 6.046.000 |
| 424220 Услуги за обезбедување на објекти | | 70.000 | 0 | 330.000 | 0 | 275.000 | 0 | 605.000 |
| 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | | 224.000 | 0 | 100.000 | 0 | 194.000 | 0 | 294.000 |
| 424410 Поправки и одржување на мебел | | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 0 | 350.000 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 365.000 | 0 | 250.000 | 0 | 292.000 | 0 | 542.000 |
| 424430 Поправки и одржување на машини | | 690.000 | 0 | 530.000 | 0 | 385.000 | 0 | 915.000 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | | 375.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 424510 Одржување на зелени површини околу згради | | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425 Договорни услуги | | 4.698.000 | 0 | 568.000 | 0 | 4.204.000 | 0 | 4.772.000 |
| 425250 Осигурување на недвижности и права | | 8.000 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425260 Осигурување на моторни возила | | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 50.000 |
| 425290 Други финансиски услуги | | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 425310 Правни услуги | | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425420 Примарна здравствена заштита | | 855.000 | 0 | 280.000 | 0 | 390.000 | 0 | 670.000 |
| 425720 Услуги за развој на наставниот план и програма | | 105.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425790 Други образовни услуги | | 60.000 | 0 | 150.000 | 0 | 920.000 | 0 | 1.070.000 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | | 3.480.000 | 0 | 123.000 | 0 | 2.844.000 | 0 | 2.967.000 |
| 426 Други тековни расходи | | 1.140.000 | 0 | 490.000 | 0 | 235.000 | 0 | 725.000 |
| 426210 Расходи за репрезентација | | 90.000 | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 80.000 |

| Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | 2010<br>Завршна сметка | 2011<br>Предходен буџет | БУЏЕТ 2012 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
| 426310 | Семинари и конференции | | 75.000 | 0 | 60.000 | 0 | 55.000 | 0 | 115.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | | 85.000 | 0 | 90.000 | 0 | 60.000 | 0 | 150.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | | 890.000 | 0 | 260.000 | 0 | 120.000 | 0 | 380.000 |
| 427 | Привремени вработувања | | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 427110 | Привремени вработувања | | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **105.000** | **0** | **22.000** | **0** | **0** | **0** | **22.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | 25.000 | 0 | 22.000 | 0 | 0 | 0 | 22.000 |
| 463140 | Трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца | | 10.000 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 463160 | Трансфери до хуманитарни организации | | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | | 10.000 | 0 | 12.000 | 0 | 0 | 0 | 12.000 |
| 464 | Разни трансфери | | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 471 | Социјални надоместоци | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471990 | Друга социјална помош | | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **22.638.000** | **0** | **2.830.000** | **0** | **2.458.000** | **0** | **5.288.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 2.443.000 | 0 | 1.710.000 | 0 | 968.000 | 0 | 2.678.000 |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | | 130.000 | 0 | 145.000 | 0 | 40.000 | 0 | 185.000 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 384.000 | 0 | 260.000 | 0 | 60.000 | 0 | 320.000 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | | 1.165.000 | 0 | 500.000 | 0 | 495.000 | 0 | 995.000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | | 170.000 | 0 | 155.000 | 0 | 203.000 | 0 | 358.000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | | 474.000 | 0 | 650.000 | 0 | 170.000 | 0 | 820.000 |
| 480290 | Купување на други машини | | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | | 19.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | | 1.195.000 | 0 | 1.120.000 | 0 | 870.000 | 0 | 1.990.000 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | | 595.000 | 0 | 330.000 | 0 | 250.000 | 0 | 580.000 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | | 500.000 | 0 | 350.000 | 0 | 450.000 | 0 | 800.000 |
| 483190 | Купување на друг мебел | | 100.000 | 0 | 440.000 | 0 | 170.000 | 0 | 610.000 |
| 486 | Купување на возила | | 0 | 0 | 0 | 0 | 620.000 | 0 | 620.000 |
| 486110 | Купување на моторни возила | | 0 | 0 | 0 | 0 | 620.000 | 0 | 620.000 |

| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | 2010 Завршна сметка | 2011 Предходен буџет | БУЏЕТ 2012 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VA** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **15.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | |
| VA0 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | | 0 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **15.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** |
| 482 | Други градежни објекти | | 0 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| VA0 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | | 0 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **15.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** |
| 482 | Други градежни објекти | | 0 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| 482920 | Изградба на други објекти | | 0 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |

| Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | 2010<br>Завршна<br>сметка | 2011<br>Предходен<br>буџет | Б У Џ Е Т 2012 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |

Буџетот на Општината за 2012 година влегува во сила со денот на објавување во " Службен гласник на Град Скопје", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

Бр.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/16**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007 и 156/2009), Советот на Општината Карпош на Четириесет и шестата седница одржана на 22 декември 2011 година донесе

## О Д Л У К А
### за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

**Член 1**

Буџетот на Општина Карпош за 2012 година (во понатамошен текст: Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општина Карпош се состои од: општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на Буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредната година,
- посебниот дел содржи план на одобрени средства на буџетските корисници по програми и ставки за финансиската година, и
- развојниот дел ги содржи плановите и програмите за развој на буџетските корисници.

Буџетот на Општината е консолидиран и се состои од: основен Буџет, Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и подпрограми,
- години во кои истите ќе се реализираат и
- изворите на финансирање, односно буџети

**Член 3**

Општинските буџетски корисници на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2012 година се определени врз основа на извршена процена на сопствените финансиски ресурси согласно законските прописи.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, се остваруваат во поголем износ од планираниот Буџет за 2012 година, истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со Измени на Буџетот на Општината за 2012 година, донесени од страна на Советот на Општина Карпош.

**Член 5**

Планираните расходи во Буџетот за 2012 година не смеат да ги надминат планираните приходи во истиот.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши Советот на Општина Карпош, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во Буџетот.

Утврдените износи во Буџетот на општинските буџетски корисници може да бидат прераспределени помеѓу расходни категории, подкатегории, ставки и подставки со исклучок на расходите ставени и тоа: од други расходи во плати и од трансфери, капитални расходи и капитални трансфери во други расходи, освен прераспределбата меѓу капитални расходи и капитални трансфери.

**Член 6**

Градоначалникот ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на Буџетот на Општината.

Градоначалникот на Општината е одговорен за извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општината Карпош, во рамките на тековната буџетска година.

**Член 7**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на општинските буџетски корисници ја одобрува Советот на Општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и Буџет, неможе да бидат намалени повеќе од 15% со прераспределбите во тековната фискална година.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на општинскиот буџетски корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Општинските буџетски корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување -зголемување на Планот на приходите и другите приливи и Планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината.

**Член 8**

Општинските буџетски корисници по усвојување на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансиски план по месеци.

**Член 9**

Платата на Градоначалникот на Општината се пресметува врз основа на просечно исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната 2012 година.

Вредноста на бодот за утврдување на платите на вработените во општинската администрација на Општината Карпош, со статус на државни службеници за 2012 година ќе изнесува 73,85 денари заклучно со 31.12.2012 година.

Вредноста на бодот за утврдување на платите на вработените во општинската администрација во Општина Карпош кој немаат статус на државни службеници, за 2012 година ќе изнесува 19,75 денари заклучно со 31.12.2012 година.

**Член 10**

На вработените во општинската администрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 60% од просечна нето плата исплатена во последните три месеци во Републиката.

**Член 11**

Надоместокот за дневници за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 8% од просечната месечната нето плата по работник во Република Македонија во претходните 3 месеци.

Доколку службеното патување траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За службено патување во траење од 8-12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање и исхрана, му следува 20% од утврдениот износ во ставот 1 на овој член.

**Член 12**

Во случај на боледување подолго од 6 месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 13**

Исплатата на платите и надоместоците до основните училишта и детските градинки (во понатамошен текст: локални и јавни установи) ќе се финансираат од

блок дотациите од Општинскиот буџет, согласно позитивните законски прописи, под контрола и одобрување на соодветните министерства.

Локалните јавни установи се должни најдоцна 3 (три) дена пред исплатата на платите до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати и надоместоци кон кои ќе ги приложат пропишаните обрасци, копија од рекапитуларот за пресметување нето и бруто плата, образец за бројот на вработените по име и презиме и други податоци во електронска или пишана форма, за односниот месец за секого поединечно на кого се однесува исплатата.

**Член 14**

Во случај на потреба за нови вработувања општинските буџетски корисници претходно се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства до Градоначалникот на Општината.

**Член 15**

При ново вработување во јавните установи на Општината, за обезбедените средства Градоначалникот дава писмено известување до надлежните министерства, а за вработувањата од редот на државните службеници во Општинската администрација, Градоначалникот бара претходно мислење од Агенцијата за државни службеници.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработен во локалната општинска администрација и локална јавна установа на неговото семејство му се исплата парична помош во висина од две последи исплатени просечни месечни плати во органот каде што е вработен.

На вработен во локалната општинска администрација и локална јавна установа во случај на смрт на член од семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување) доколку живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот во кој е вработен. Живеењето во заедница подразбира да се со исто место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

**Член 17**

На вработен во локалната општинска администрација и локална јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати. Висината на овој надоместок се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместокот од став 1 од овој член се исплатува по претходно доставено барање во тековната, односно наредната година.

Исплатата на надоместокот од претходниот став се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината, а од програм ДО- Градоначалник, позиција 464 – Други трансфери.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците од член 16 се врши врз основа на предходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

**Член 19**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на општинските буџетски корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуват трошоците по поодделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи, во износ од 6.000,00 денари, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што трошоците треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината, кои се распоредуваат во програмите за:

- Програма за Совет на Општината;
- Програма за Градоначалник;
- Програма за општинска администрација;
- Програма за урбанистичко планирање и уредување на просторот;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за комунални дејности;
- Програма за култура;

- Програма за спорт и рекреација;
- Програма за социјална заштита и заштита на децата; и
- Програма за образование

одлучува Советот на Општината Карпош, а за извршувањето на Буџетот на Општината е одговорен Градоначалникот на Општината Карпош.

**Член 21**

За користење на средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите / постојна и тековна буџетска резерва /, која неможе да надмине износ од 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на Општината, одлучува Советот на Општината а ги извршува Градоначалникот на Општината.

По исклучок од став 1 на овој член, за користењето на средствата од тековната резерва одлучува Градоначалникот, но најмногу до износ од 50.000,00 денари.

За искористените средства Градоначалникот поднесува Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 22**

На членовите на Советот на Општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци, во нрамките утврдени со закон.

Месечниот надоместок на членовите на Советот за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот на Општина Карпош за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Овие надоместоци се регулирани со посебна Одлука донесена од Советот на Општината Карпош.

**Член 23**

За се што не е регулирано со оваа Одлука, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за буџетите, Законот за државните службеници, Законот за работните односи и Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

**Член 24**

Буџетот на Општина Карпош се извршува од 01.01.2012 година до 31.12.2012 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 01 јануари 2012 година.

Број 07-9497/16
22.12 .2011 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2012 година

1.Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2012 година донесен на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/17**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 20 точка 1 и 2 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009 и 145/2010) Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седница одржана на 22 декември 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
за утврдување на благајнички максимум за 2012 година

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдува благајнички максимум за 2012 година во износ од 100.000,00 денари.

**член 2**

Готовите пари во благајната примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден на наплатата.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 –9497/17
22.12 .2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за одобрување финансиска помош

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиска помош донесени на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-9729/18** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**23.12.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седница одржана на 22 декември 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

Член 1

На Душко Петковски, со стан на ул.“Трифун Пановски“ бр.2/1-15 Карпош 3, Скопје, поради тешката материјална и здравствена состојба во која се наоѓа неговото семејство, се одобруваат финансиски средства во износ од 50.125,00 денари, како помош за откупување на стаот во државна сопственост во кој живее неговото семејство..

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, ЕО-Општинска администрација,ставка 471- социјални надместоци, потставка 441990-друга социјална помош.

.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот да донесе поединечно решение за исплата на одобрените средства од член 1 на оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 9497/19** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**22.12. 2011 година** **на Советот на Општина Карпош**
**С к о п ј е** **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Карпош за 2012 година донесена на Четириесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 22 декември 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-9729/19**
**23.12.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа / “Службен везник на Република Македонија” бр. 5/02/, Советот на Општина Карпош на Четириесет и шестата седница, одржана на 22 декември 2011 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Карпош за 2012 година

Со оваа Програма се уредуваат:

1. видовите на урбана опрема,
2. локалитетите на кои се поставува,
3. начинот и условите за нејзино поставување,
4. дислокација и отсранувањето на урбаната опрема на Општина Карпош.

I. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеењеили работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршење на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата не смее на никаков начин да биде трајно прицврстена на подлогата, а нејзиното поставување и отсранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетувања на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се оддржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбаната опрема не смеат да се постават бариери кои можат да го попречат безбедното движење на пешаци или да го оневозможат движењето на лицата со хендикеп.

При поставување на урбаната опрема не смеат да се превземаат градежни работи, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелата на целата површина што се користи.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2м, а за поставување на монтажно-демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5м.

При поставување на урбаната опрема мора да се запазат следниве стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м од рабниот коловоз (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1,5м од 2,5, од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, тезги, дрвореди).

Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4м, а при поставување на настрешници и тенди, минималната височина изнесува 3,2м, над слободната проодна површина.

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност е дозволено само во широчината на деловните објекти кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од другите прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, по завршување на манифестацијата се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водноснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите), односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно-демонтажни конструктивни елементи, современо-архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќе водни кровови – со ниско слеме, обезбедување на пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставување на урбана опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави предходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите за заштита на културно – историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програмата и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршуваа иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Урбаната опрема може да биде само приземна, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземја не повисока од 15см.

II. ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА И ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА НЕЈЗИНО ПОСТАВУВАЊЕ

Тераси, шанкови и настрешници

Терасите и шанковите се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 124/10), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простории за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки движења на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возило на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тараса со најлони или други слични материјали. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавните површини. При тоа се забранува складирање на урбаната

опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување визуелно експонирано.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси, дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, настрешници, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др., но не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачката зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата, бојата, димензиите и друго.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнителна опрема како фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летна тераса мора да бидат изработени од квалитетен материјал. На определени простории: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елеборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минимална слободна височина од 2,4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата за одобрен простор, можат да ја наткриват само одобрената површина. И не смее да биде прицврстена за подлогата.

Тендите се типски-монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на масите и столиците паралелно со ѕисот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3,2м.

Поставена и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвараат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од едната страна заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно-демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени на јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3,2м.

Страните на настрешницата не смеат да се затвараат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8м.

Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високоестетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

<u>Летни дискотеки</u>

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбаната опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

Летни дискотеки се поставуваат со Програма донесена на Свет на Град Скопје и Совет на Општина Карпош, со предходна согласност од Град Скопје.

<u>Покриени и отворени шанкови</u>

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, на реализирана партерна јавна површина, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мораат да имаат приклучок за вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

Информативни паноа

Информативни паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на Град Скопје, карта на Општина Карпош, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа може да бидат слободно стоечки, преносливи, прицврстени на објектот и сл.

Самостоечки рекламни паноа

Самостоечки рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот и патиштата (Службен весник на РМ бр. 54/07, 86/08, 98,/08 и 64/09) и посебен акт на Град Скопје.

Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опремата за забава на деца може да се постави на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни погвршини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупи и корпи за отпадоци се дел од урбаната опрема и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од секакви типов и на други локации согласно елаборатот за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има безбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х1,2м за луѓе со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Паркиралишта за велосипеди

Типот на локациите се определува со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на Општина Карпош и Град Скопје.

Жардињери, граничници

Жардињерите со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отсранат од просторот.

Максимална висина на жардињерите и граничниците е 0,8м

Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи за продажната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја, соодветни на спецификите на локацијата.

Максимална површина на тезгите изнесува 2м до 4м2 и се отстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Елементи за изложување на производи

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговки локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредна зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

Над елементи за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот вез вертикални потпирачи.

Просторот, што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвара на било кој начин (најлони, застакленување и слично).

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да бидат во согласност со микролокациските услови, со високи естетскофункционални вредности во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

<u>Привремени паркинзи и природни патеки</u>

Привремени прикази и природни патеки на изградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда(не повисока од 0,80м).

<u>Платформи</u>

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното корисење.

Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

<u>Сплавови – платформи за јавни настани на вода</u>

Сплавови се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100м2. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

<u>Монтажно демонтажни типски објекти</u>

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина од 16,0 м2, кои можат да се постават на одредени места.

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови:

- монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата, која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

<u>Сообраќајни услови</u>

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин на кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин.10,0 од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

